СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 25 март 1997 година

Скопје, март 1997 година

**65 ( ШЕЕСЕТ И ПЕТТА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25. III. 1997 г.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 2, 3
2. АБДИ ФАИК - 19
3. АМДИ БАЈРАМ - 127
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 55, 57
5. БОЈКОВ ИВАН - 25
6. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 45, 49, 90
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 91
8. ИВАНОВ ЉУБЕСАВ - 107, 110
9. КАДРИУ ЗЕЌИР - 79,$1

10 КАСИПИ КЕНАН - 64

11. КАРОВ ЗВОНКО - 41
12. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 126
13. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 76
14. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 96
15. НИКОЛОВ ЈОВАН - 66
16. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 61
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1,.. 114 (води седница)
18. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 10,16
19. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 83, 90
20. РАМАДАНИ ХИСЕН - 41
21. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 29, 32
22. РАМАДАНИ САЛИ - 20, 24

23- СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 118, 125

24. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН -115
25. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА - 97
26. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 40

27- ТРАЈКОВ РИСТО - 59

28. ТРИПУНОВСКИ МИРКО -35
29. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 111
30. ТУДА РАМИ - 74
31. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 68, 74
32. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА - 6,7
33. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 128 (премиер на Влада)
34. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 131
35. ШАЌИРИ ХИСНИ - 5, 9, 101, 104.

Дневен ред.-стр, 2

- ПРАШАЊЕ ЗА ДОВЕРБА НА ВЛАДАТА НА РМ- изгласана на с.130

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА

# СТЕНОГРАВСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 март 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Теодосие Паунов поради оправдани причини ме извести дека не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

За седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што ќе се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

Шеесет и седум пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието на оваа седница ќе работи по една точка од дневниот ред, утврдена по сила на Уставот на РМ - Прашање за доверба на Владата на РМ.

I/2 ПЈ/ЛБ

Преминуваме на дневниот ред.

- Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Согласно член 93 став 1 од Уставот на РМ Владата на РМ постави прашање за доверба на Владата на РМ кое ви е доставено.

Одлуката за изгласување доверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно член 92 став 4 од Уставот на РМ гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба.

Ве известувам дека причините за поставувањето на прашањето за доверба на Владата, претседателот на Владата ги образложи на последното собраниско заседание.

Пред гласањето во 23,30 часот на Собранието ќе ви се обрати претседателот на Владата на Република Македонија.

Од овие причини предлагам секој пратеник да зборува само еднаш без ограничување на времетраењето на дискусијата.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Педесет и четири пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (четири пратеници)

Кој се воздржува од гласање" (4 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес.

Молам дали некој бара збор?

Деловничка интервенција, г-дин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние го ислушавме излагањето на претседателот на Владата на последната седница која зафати и предвремени избори и најави дијалог и н. и најави доверба за Владата да се гласа.

Ни беше испратен еден текст од три кратки става овде да биде на дневен ред и за тоа да расправаме.

Очекувавме излагање на претседателот на Владата да го објасни тој свој предлог. Вие сега кажавте дека тоа го нема. Нема да има такво објаснување.

Ве молам да ни дадете половина час пауза за да се договориме како ќе постапиме во парламентарната група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 12,45 часот.

(по паузата)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Дали некој во име на пратеничката група на Либералната партија ќе земе збор?

Г-дин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, г-дине претседателе на Владата,. г-да министри, г-да пратеници, сакам да ви го изразам ставот на пратеничката група после консултациите на паузата што ја побаравме.

Всушност, нашата пратеничка група го покрена прашањето на организираниот криминал во областа на штедењето, штедилниците и други фирми кои се занимаваат со штедење, иако противзаконски. За грабежот кој се случуваше во таа област на граѓаните. Чекавме, тоа го поставивме како барање на 28 јануари. Чекавме да добиеме информација и се одолговлечуваше целата работа и дефинитивно сега имавме расправа пред неколку дена во четвртокот.

Ние ги изложивме сите наши погледи и ги наведовме фактите поради што мислиме дека одговорноста ја сноси Владата и Народната банка.

Претседателот на Владата одржа говор во кој многу тврдолично вети дека ќе се бори против организираниот криминал и дека за тоа му е потребна доверба на Владата во Парламентот и затоа ќе го постави тоа

прашање. Денес очекувавме, бидејќи добивме само три става во писмото, претседателот на Владата овде да објасни зошто Владата не успева во борбата против организираниот криминал.

Зошто премиерот, кој, некаде скоро пред две години, летото, во јули 1995 година објави темелна пресметка со криминалот не успеа да ја оспособи Владата и органите со кои раководи Владата да се борат успешно против криминалот.

Зошто не успеа националната програма? Вие убаво знаете дека цел месец средствата за информирање зборуваа за националната програма за борба против организираниот криминал,што ја донесе Владата. Наместо тоа, премиерот минатиот пат ни соопшти дека секој министер дал изјава дека не е вмешан во аферата ТАТ и другите афери и дека тој, претседателот на Владата не им верува на министрите и не е задоволен со тоа, туку ги дал изјавите до јавниот обвинител и до другите органи да проверат и утврдат дали е тоа точно. Е, таа Влада во тој состав таква каква што ја окарактеризира претседателот на Владата, сега претседателот на Владата бара од Собранието да расправа и да гласа доверба.

Ние мислиме дека на тој начин, всушност, Собранието е до крај девалвирано. На Собранието му се ускратени основни информации за кои сега зборував, а кои се потребни.

Претседателот на Владата се става над Собранието и тој смета на мнозинството кое го има и кое дисциплинирано ќе дигне рака за него при гласањето за доверба.

Таква улога на Собранието ние не прифаќаме. Ние мислиме дека во работата на Собранието над него не постои орган, неможе никој да го суспендира неговото работење и неговата активност и да ја поднесува на своите дневно политички потреби.

Затоа, ние очекуваме оти вие ќе изгласате доверба на Владата. Мислиме дека многу ќе погрешите, бидејќи на тој начин ќе обезбедите силна политичка заштита на организираниот криминал. Затоа, ние во тоа не сакаме да учествуваме. На оваа седница нема да учествуваме. Нашата пратеничка група ќе ја напушти седницата, а утре .на редовната седница ќе се вратиме.

Благодарам.

(Пратеничката група на Либералната партија ја напушти седницата во 13,15 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Шакири процедурално.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе, г-дине премиере, дами и господа пратеници, имајќи предвид по следното излагање на г-динот премиер Бранко Црвенковски во врска штедилницата ТАТ во РМ, кој беше јасен и дециден дека ќе се залага да го расчисти овој проблем и многу други проблеми, мислам дека е ред на оваа седница, бидејќи бара изгласување на доверба на Владата, исто така, е ред да ја има поддршката и на една третина на албанската популација во РМ, јас очекував на почетокот на седницата да каже нешто во врска со подобрување на меѓународните односи. Меѓутоа, Парламентот усвои една декларација. Таа декларација во себе содржи некои елементи кои се поврзани со етиката на моралот на човекот за однесување меѓу себе, т.е. сосема е за поздравување во секоја држава и во секоја средина на ова поднебје треба да има секој почит кон другиот. Меѓутоа, сакам да го слушам премиерот каков став има во врска со проблемот на Тетовскиот универзитет, дали има намера да отвора дијалог со органите на тетовскиот универзитет . Бидејќи овој проблем е доста сериозен за РМ, покрај расчистување со криминалот во РМ мислам дека за стабилност на

земјата е потребно да имаме и став на премиерот во врска со ова прашање. Потоа ние да го изградиме нашиот став за довербата на Владата, бидејќи е потребно кога е во прашање овие работи зошто да нема поддршка и од пратениците албанци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Филиповски, процедурално. Ова не беше деловничка интервенција.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, ниту јас, ниту пошироката јавност не очекуваше Владата да добие поддршка од опозицијата и од оваа парламентарна и од она што можеме да го слушаме од вонпарламентарната.

Мислам дека ова е една премногу сериозна ситуација, тоа е вака мое мислење, имавме еден несериозен пристап,.претпоставувам и заради тоа што малку може да се каже од она што.. имавме прилика да го слушаме на седниците кои ги имавте во текот на минатата и пред минатата недела.

Со оглед на ваквиот настап на пратеничката група на Либералната партија, сакав да го искористам деловничкото право да побарам пауза од половина час за да може Социјалистичката партија да заземе став во врска со настапот на Либералната партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза од половина час.

II/1.- НД/ЉР

( Седницата продолжи со работа во 14,10 часот.)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-дин Блаже Филиповски

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, дами и господа пратеници и министри.

Ние го искористивме своето деловничко право и направивме една анализа во пратеничката група на Социјалистичката партија. Сакам да ве информирам дека пратениците на Социјалистичката партија одлучија на денешнава седница да ги надминат тесно партиските интереси и сметајќи на сериозноста на ситуацијата да го дадат својот полн придонес ова Собрание да створи клима за расчистување на состојбите кои во своето излагање ги изнесе премиерот Црвенковски Во таа смисла премиерот Црвенковски ја има целосната поддршка на целата пратеничка група на Социјалистичката партија на Македонија.

Со други зборови тоа значи дека пратениците со СП ќе гласаат за доверба на премиерот Црвенковски дозволете ова накратко само да го образложам.

Својата целосна доверба и поддршка ја даваме на премиерот Црвенковски заради убедувањето дека сериозно ќе се зафати со расчистувањето на низа инкриминирани дејствоја посебно по однос на расправата која се водеше на минатата седница со преземените активности и мерки кои ќе ги преземе Владата за расветлувањето на случувањата со ТАТ, Алфа-С, Лавци и други.

Давајќи ја поддршката на премиерот Црвенковски во овој момент свесни сме дека го поддржуваме и неговиот Кабинет, но тука сакаме да

бидеме јасни. Поддршката е исклучиво во онаа насока која бара премиерот во неговото обраќање според кое, според сознанијата со кои располага пратеничката група на Социјалистичката партија имаат поширока поддршка во јавноста во РМ. Тоа значи дека не смее да биде амнестиран од лична одговорност никој кој бил вклучен во криминални дејствија, или пак не презел со закон утврдени дејствија за да се спечат, а подоцна разобличат и санкционираат одредени состојби кои го предизвикаа револтот на граѓаните. Посебно, се разбира ако се утврди таква одговорност во било која смисла на зборот за членови на Владата.

Социјалистичката партија не поддржува формирање на некаква техничка влада за каква деновиве се разговараше во јавноста и беа изнесени такви тези, или било како да се нарече. Ние се приклучуваме кон оние кои. сметаат. дека тоа на свој начин веќе значи опструкција на водењето на акцијата за разобличувањето на носителите на инкриминираните дејствија и во овој момент едноставно не сме на чисто дали е тоа само заради стравот дека оние кои тоа јавно го ветија, пред се премиерот, ќе го исполнат своето ветување и сознанијата нема да бидат баш онакви какви што сега поединци сакаат да ги прикажат,или само е тоа во интерес на некаков политички маркетинг. Сепак, ние сакаме тоа да се расчисти откако ќе излеат работите на видело.

Не можеме да прифатиме дека активноста треба да се води за да се расчисти некаков криминал на поединци од партиите кои се на власт. Се добива призвук дека криминалот е дозволен за оние кои се во опозиција. Расчистувањето не треба да одмине никого.

II/3.-

Партијата во формирање, која денеска, на жалост, ја напушти седницата, за тоа јас на самиот почеток реков нешто, како и најголемата опозициона вонпарламентарна партија деновиве лицитираат околу времето, кое наводно оние би го допуштиле на премиерот за расчистувањето и преземањето на соодветни мерки. Според нас ова упатува на заклучок дека се настојува целата работа да се сведе на политичка и некаква морална одговорност. Напротив, ние сметаме дека до крај треба да се оди и со утврдување на другите, според Законот, видови на одговорност, пред се кривична. И тука никој не смее да остане на страна, ниту да се прават било какви компромиси, бидејќи така само половично ќе се заврши работата. Ниту за"15, ниту за 30 дена не може целата работа и со најдобра синхронизација на извршната и судската власт да се изведе на чистина. Зошто тоа сакаат да се избегне, веројатно ќе покаже времето кое претстои пред нас. Ние сме убедени и акцијата која ќе ја превземаат надлежните органи пред се Владата на РМ дека ќе вроди со плод. Уште еднаш сакам да потенцирам дека Пратеничката група на СП ќе гласа за доверба на премиерот Црвенковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Шакири бара деловничка интервенција.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседателе треба да го почитувате Деловникот. Јас поставив прашање до премиерот да се произнесе кој е ставот на Владата во врска со отворање на дијалог со органите на тетовскиот Универзитет, бидејќи досегашниот став на Владата ние го знаеме, меѓутоа доколку премиерот не сака да одговори на поставеното

прашање  може да го актуализира некој од членовите од Владата. Јас го користам деловничкото право и мислам дека е обврска било на премиерот, било на другите членови на Владата да одговорат на поставеното прашање.

Уште еднаш го повторувам прашањето - дали премиерот предвидува во наредниот период да отвора дијалог со органите на Тетовскиот Универзитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г.дине Шакири сакам да укажам дека не станува збор за деловничка интервенција. И јас морам да го почитувам Деловникот. Ниту е пак ова деловничко прашање. Вие изнесовте свое мислење, претседателот на Владата или некој министер на Владата можат да учествуваат во расправата во овој контекст за кој што вие укажавте, меѓутоа тоа не е делоничка обврска.

Има збор г-динот Љупчо Поповски

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ;**

Почитуван претседателе, почитуван премеире, членови на Владата, почитувани колеги пратеници, дами и господа,

На почетокот сакам да го изнесам ставот на Парламентарната група на СДСМ по прашањето на доверба на Владата на РМ.

Пратениците на СДСМ односно нашата парламентарна група ќе гласаат за доверба на Владата. При ова аргументите за ваквиот наш став се повеќеслојни и дозволете да ви ги презентирам.

Во минатиот парламентарен состав во две наврати бевме во ситуација да ја оценуваме работата на Владата и да се изјаснуваме за нејзината доверба. Тогаш, и во двата случаја тоа беше по иницијатива на парламентарната опозиција. Денеска сме исправени пред обврската да

се изјасниме за натамошното опстојување на актуелната Влада на РМ и тоа по барање на нејзиниот премиер. Тоа е ново искуство, нов предизвик во нашето не многу богато парламентарно живеење. Во земјите со богата парламентарна традиција во принцип ваквите ситуации настануваат во случај на судир меѓу премиерот и партијата на која и припаѓа или пак доколку дојде до расчекор меѓу премиерот т.е. Владата и претседателот на Државата кој според нашиот Устав го доделува мандатот на партијата со најмногу пратеници или партијата, која во коалиција со други партии ќе го обезбеди парламентарното мнозинство за избор на Владата. Во конкретниот случај по прашањето за кое денеска расправа Парламентот не станува збор ниту за едното ниту за другото. Напротив, пред неколку дена бевме сведоци на целосна поддршка од страна на претседателот на нашата Држава г-динот Киро Глигоров на политиката што ја спроведува Владата во целина и особено по прашањата кои го мотивираат премиерот да побара гласање за доверба на Парламентот на неговиот Кабинет. На таа линија, како што ви е познато безрезервно застана и Социјал демократскиот сојуз на Македонија преку својата парламентарна група.

За волја на вистината треба да се рече дека актуелната влада по овие прашења и определбата за нивно демократско разрешување низ институциите и во рамките на нашиот правен систем деновиве добива значајна поддршка и од голем број на граѓани на РМ, а не изостанува ниту поддршката од релевантните меѓународни фактори.

По однос на прашањето за доверба на Владата сакам да го подвлечам следното, односно да истакнам за што СДСМ ја подржува Владата и особено нејзиниот премиер.

Имено, доколку внимателно се проследи образложението на г-динот Црвенковски на неговото барање ова прашаше да се најде на дневен ред на Собранието, тогаш воочливо е дека тој не бара бланко доверба за себе и министрите. Тој ја бара нашата доверба, нашата поддршка, само за едно прашање - расчистување на одговорноста, би рекол, на институциите и поединците без оглед на кое ниво се во хиерархијата на власта по повод аферата пирамидални штедилници, или за да биде појасно, аферата ТАТ како олицетворение на своите димензии на вкупната крајно негативна и подривачка состојба на економската, па и политичката стабилност на земјата со распаѓањето на дел од приватните штедилници.

Впрочем, премиерот тоа мошне пластично и без било какви дилеми го експлицираше во својот говор по повод овој проблем на последното парламентарна заседание. Значи, станува збор за сосема конкретен проблем и за сосема конкретно барање за поддршка на премиерот во неговото разрешување.

Секое поинакво гледање на оваа тема за мене е од шпекулативен карактер со намера оваа до сега најголема афера во државата да се забошоти, да се стави ад акта и да се разводи и целосно да се одбегне прашањето на одговорноста. Со тоа би се создал простор за ескалирање на состојбите на овој план, а. кои ги карактеризираме со право како организиран криминал. Мислам дека ретко кој од нас овде во Парламентот го посакува таквиот развој на настаните. Тоа уште помалку го посакува премиерот, нашата јавност,а особено измамените и ограбени граѓани од страна на инкриминираните штедилници.

Со други зборови, ние немаме право, ниту смееме да дозволиме работите на овој план да метастазираат и да го зафатат целото општество. Од тоа можеме да избегаме само ако го поддржевме

премиерот во пресметката со ова зло и ако активно му се придружиме. Во спротивно со право народот ќе не прогласи за демагози и властољупци. Токму во тој правец би не одвело евентуалното прифаќање на барањето од одделни партии искажано деновиве за оставка на Владата и за формирање на таканаречена техничка влада чија единствена цел би биле подготовките и организирањето на предвремените парламентарни избори во нашата Држава. Притоа, сакам да истакнам дека СДСМ не се плаши ниту од ниви избори. Тоа го кажа и нашиот претседател и премиер на Владата, меѓутоа во услови кога целокупната јавност и посебно оштетените штедачи очекуваат со право брзи и конкретни резултати во секој поглед одењето на избори сега би значело, ако ништо друго, пролонгирање на неопходните зафати за најмалку половина година. Дали смееме, дали имаме морално право така да се однесуваме во оваа мошне тешка ситуација? Секако не.

Според тоа, не станува збор за купување време за опстојување на оваа Влада и на сегашните партии на власт што е можно подолго во таа позиција. Станува збор за зачувување на кредибилитет на Собранието на РМ како одговорен орган чија првенствена задача е да ги штити интересите на граѓаните. Ние мора нашата одговорност и како држава и како пратеници и како личности да ја покажеме и да не бегаме и од сопствениот дел на одговорноста колективна и поединечна сразмерно на она кој колку придонел за овој скандал. Одењето на избори за мене би значело наше целосно амнестирање од одговорноста било политичка, било кривична.

Кога сум кај прашањето на одговорноста тоа мошне детално беше елаборирано во парламентарната дебата посветен на аферата со штедилниците, но независно од тоа чувствувам потреба да повторам определени работи.

II/8.-

Од уставен н законски аспект одговорноста е јасно лицирана. Таа е кај Народната банка на Македонија како единствена институција должна и одговорна да ја контролира работата на штедилниците. Во тој контекст неспорна е одговорноста на нејзините раководители, но тоа е мала утеха за оштетените и ограбените. Впрочем како што потенцираше премиерот Владата нема намера, ниту смее да се дистанцира од проблемот, а јас би додал, тоа не смее да го направи ниту Парламентот, затоа што има индиции, па и аргументи да се тврди дека оваа афера не е самородна, автохтона. Таа не е паднатa од небо, туку е производ на еден поширок општествен контекст, што би се рекло на определени недоследности во имплементацијата на нашиот правен систем, на слабостите и институциите кој на овој план мора да го обезбедат функционирањето на правната држава. Поинаку речено, неспорно е дека причините за појавата на аферите со штедилниците, како и за секоја негативна појава треба да се бараат подлабоко во државниот организам доколку не сакаме слични работи да ни се случуваат и во иднина.

Во овие рамки ние од СДСМ ја согледуваме одговорноста на сите наши досегашни парламентарни состави почнувајќи од 1990 година па наваму кога ја започнавме изградбата на нашиот нов политички и економски систем. А да потсетам дека само до пред една година на страната на позицијата, на страната на креаторите на тој и таков систем беа и нашите колеги овде во Парламентот, кои што пред малку ја напуштија салата, но и некој од вонпарламентарната опозиција кои сега така жестоко се застапуваат за техничка влада, за нови избори. Па, се прашувам дали тоа не е обид да се избега од сопствената одговорност за она што денес ни се случува. Наспротив оваа изјава и ова тврдење јас би го соопштил моето лично сознание за ставовите на граѓаните стекнато деновиве од бројните контакти, средби и разговори и јавувања на

многумина. Нивниот коментар е: вака може да настапи само човек со апсолутно чист образ. Зарем е потребен посебен коментар за едно вакво мислеше за човекот кој бара не само доверба, туку и поддршка и соработка од најповикана институција одговорна за вкупните состојби во државата и нивното контролирање, а тоа е Собранието на РМ. Зошто на премиерот му е потребна таквата поддршка - ќе запраша некој. Па, зарем Владата по својата уставна положба не е институција која е должна да превзема вакви активности, без посебно, условно да го наречам, одобрување од законодавниот дом. Ваквото размислување без сомнение е во ред, но со една забелешка. Веројатно на сите нас сеуште ни е во сеќавање исказот на премиерот дека ние почнуваме борба со октопод без да знаеме до каде досегаат неговите пипала. Тоа индуцира на размисла. Дали тие не се навлезени во дел од институциите на системот особено во оние кои беа должни работите да ги сосечат во корен. Лично сметам дека премиерот или веќе имал сознанија или претчувствувал дека се работи и за тоа дека во дадениот момент е можно да се наиде на силен отпор не само од поединци, туку и од цели институции.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Во тој случај, акцијата би била парализирана, невозможна. Таквата блокада може единствено да се разбие ако ние денес со сиот свој авторитет како Собрание застанеме зад него во истиот фронт со него. Без тоа, верувајте, се би наликувало на издишан балон. Тоа пак би отворило простор правдата во свои раце да ја земе народот. Таа да ја истерува на улица, а не во легалните институции на системот. Состој- би веќе видени во нашето непосредно соседство, каде ниту невините жртви не се исклучени, што би се рекло"покрај сувото ќе почне да гори и суровото".

Од тука, денешното изјаснување за доверба на Владата јас го сметам за исклучително значаен чин, кој ќе овозможи целата работа да се води во институциите во рамките на Уставот и законите. Со правни, а не со политички методи, иако е неспорно дека по утврдувањето на кривичната, материјална и друга одговорност ќе следи и политичка одговорност и за поединците и за институциите. Канализирањето на работите во институциите на државата за мене значи систематизирање на работите и утврдување приоритети во општата борба против криминалот во општеството, политички, стопански и друг вид. Во тие рамки, според димензиите и последиците што веќе ги има, приоритет мора да се даде на оваа афера.

Оттука, сметам дека во овој момент акцијата треба да се сконцентрира тука, без да се отвораат други фонтови. Велам, во моментов зошто и онака се зафативме со огромен залак за кој ќе ни треба по при- лично време да го соџвакаме и да го голтнеме. Ширењето на фронтот мислам дека едноставно ќе не задави, а врз основа на атмосферата што се создава деновиве имам чувство како сите да не сме доволно свесни колкав товар призеде врз себе, премиерот, Владата, па и парламентот. Да не дозволиме да не убие пресилната желба, затоа мораме да одиме програмирано и осмислено без било какви дилеми во

поглед на решеност акцијата успешно и во што пократок рок да ја доведеме до крај. Отпори како што реков ќе има од поединци, од групи во или надвор од институциите, а не е исклучено и од цели институции како што реков. Но друга солуција едноставно немаме. Ние мора да ги вложиме сите напори да ги заштитиме од злоупотреба пред се институциите на системот, а не поединците во нив и надвор од нив. Мора да се создаде клима на доверба во институциите на државата, за таа да профункционира како правна држава, без што нема ниту правда ниту правичност.

Тука би ја додал и одговорноста, па и потребата од помош од медиумите, т.е. јавните гласила и новинарите. Објективното а не пристрасното или тенденциозно пишување за овој проблем, независно од мотивите, ние повеќе од потребно. Акцијата мора да биде транспарентна, аргументирана, а не заткулисна.

Кон ова да додадам дека е од исклучително значење улогата на изворите на информациите и нивната одговорност за презентирање пред јавноста на валидни потврдени докази. Евентуалната желба за сензационализам било од страна на новинарите, било од органите односно поединците во нив што ја водат акцијата, без документирани сознанија, може само да не попречи, да не дезавуира нас како парламент и Владата но и целиот наш правен систем, целата наша држава.

Моја оценка е дека ние веќе создадовме критична маса политичка, па ако сакате и кадровска овој проблем да го разрешуваме. Некои може би ќе запраша, ако работите се дојдени до таму со оваа афера која сериозно ја загрозува стабилноста на земјата, зошто пресметката не е почната порано. Би одговорил од едноставна причина, отворањето на некој процес врз основа само на индиции, насетување и сл., би било преседување без аргументи, би добило призвук на политичка пресметка нешто типично за претходниот систем, пресуди па потоа докажувај. Правната, а не политичката држава, подразбира обратно, одвивање

на работите пресудување врз база на конкретни факти. Ќе се согласите, за тоа треба време, многу работа, но, е единствено правилно и хумано.

Фаќајќи се во костец со овој проблем, а и не само со него, на наведениот начин ќе ги одбегнеме обидите акцијата да биде изманипулирана, таа да не добие белег на кампања, политичка пресметка а секој да го добие з служеното согласно законот, без оглед на неговата партиска; или друг вид на припадност и без еуфоричност. Скандалот е тука, димензиите негови во голем дел се познати, исто така и последиците, особено во сферата на кредитно-монетарната политика на земјата. Загриженоста на секој наш граѓанин е огромна, Собранието во рамките на своите уставни и законски надлежности го презема својот дел на одговорноста, да ги утврди, а ги утврди и должностите на Владата од кои ниту таа, а уште помалку премиерот сака да избегне.

Меѓутоа, на сите ви е познато дека овој проблем, не го остави индиферентен и странскиот фактор, односно меѓународните финансиски институции, чија што помош во процесот на транзицијата,, ја уживавме. Нивната доверба, што тешко и макотрпно ја печалевме, не смееме да ја прокоцкаме. И тие како и ние, сме заинтересирани проблемот да се совлада што побезболно и што е можно со помали последици. Тие како и ние очекуваат институционална и правна, а не вон институционална и политичка разврска на теренот. Ние досега го имавме имиџот, во споредба со нашите соседи, сите проблеми да ги разрешуваме по мирен демократски пат, по утврдените уставни и законски патишта.

Социјал-демократскиот сојуз на Македонија е убеден дека и овој пат можеме да опстоиме на таа линија. Во спротивно, сите ќе бидеме однесени од виорот.

Токму затоа, ве повикувам да му дадеме целосна поддршка на премиерот и да гласаме за доверба на луѓето во кои што тој и самиот верува, за што ќе ја информира јавноста во време кое сам ќе го определи.

III/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пртеници, почитуван премиер, почитувани министри, мислам дека Ви е познато дека не бев во земјата три четири ,рена. Вчера попладне навечер гледав А1, го слушнав сето она што пред парламентот го рече премиерот, разните девијации во финансиско-материјалната и економската сфера со штедилниците и другите девијации, како и наспроти тоа, од друга страна, конференцијата за печат или што беше тоа на Либералната и Демократската партија, дека се тоа некои трикови за да може Владата да остане уште некоја недела, два до три месеци инт.

Јас и денес видов, впрочем како што тоа го правеше една партија порано во првото свикување на парламентот, но бидејќи опозицијата е опозиција, тие го бараат она што веќе од поодамна го кажуваат и моментот што е погоден, погоден е, оти имавме демонстрации, имаме штрајкови со глад, имавме, финансиско-материјално ограбени граѓани, штедачи и слично и се се оди на она доверба или недоверба.

Јас овие работи ги гледам од три агли.

Прво, ако се работи за државата, за Република Македонија, да речеме во периодот 1990-19 94 година, и покрај неслагањето, не можам да речам ниту збор за либералите, за ВРМО, иако имаше излегување, влетување итн., но за виталните прашања овде бевме сите заедно. Ја створивме државата.

Второ, ако се работи пак за ромите, бидејќи до 9 март како што Ви е познато оваа година бев лидер на ПЦЕР, а сега сум некој си почесен претседател, тогаш исто така не можам да речам ништо лошо, за што се она што еден дел рудиментирани или полни со небулоза граѓани роми,

да речам, не знаат што е тоа што сме направиле, но направивме сите овде политички субјекти во парламентот заедно, па на крај скоро сите пратеници ги кренаа рацете и за нашата нова општина.

Трето, сега, кога премиерот најискрено и најжестоко бара поддршка за расчистување на се она што е незаконито, ние му даваме без резервна поддршка, за да се видат фактичките носители на неправилностите и алчните. Да имаме насловен список на тие, без разлика кои се. Со тој акт Република Македонија ќе се здобие со полн респект во Европа и во светските институции, а тоа ќе значи потпомагање од нивна страна на ова наше побезболно поминување од овој период на транзиција а во некои други југо-истиочни и централно-европски земји има поголем, а не верувам дека има помал интензитет. Секаде е полошо отколку кај нас. Впрочем, во Романија видовме многу лоши работи. Секако ќе има нешто што би се рекло ловење во. матно и политички маркетинг, но верувам дека граѓаните на Република Македонија достојно ќе треба да ги дочекаат ремуладите од она што се вика земам обврска за расчистување на состојбите. И секако ќе имаме позитивен исход.

А со партиите кои се во опозиција било во парламентот или надвор од парламентот, ние како партија, велам од партијата од која доаѓам, по пат на една политичка култура сме спремни на дијалог, флексибилност и толеранција, што мора да биде максима за еден заеднички соживот исто како што е значењето на тие фамозни зборови кондицио сине квагнон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Мислењето на нашите избирачи на мојата парламентарна група на Партијата за демократски просперитет на Албанците и народната демократска партија веќе ви е познат. Владата на Република Македонија

поднесе барање, додека за оваа седница ни се предлага како прашање за доверба на Владата на Република Македонија. бидејќи Владата требаше не да постави прашање односно барање, како се изразува погрешно во поднесеното писмено барање, односно не врз основа на член 93 став 1, туку врз основа на член 93 став 2, од Уставот на Република Македонија, т.е. да поднесе убаво оставка, бидејќи врз основа" на член 91 став 1 точка 1, од истиот Устав погрешно ја спроведуваше "утврдената политика на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување", односно неизвршување на истите, односно врз основа на член 469 од деловникот на Собранието на Република Македонија "Владата може да постави прашање на доверба, ако смета дека не е во состојба да го обезбеди спроведувањето на утврдената политика и извршувањето на закон, друг пропис или општ акт на Собранието или дека не. може да преземе одговорност за вршење на својата функција". Бидејќи Владата на Република Македонија овие слабости и јавно беше принудена да ги признае и како економски колапс и како економска и социјална криза со неколку начини и форми, посебно дека постои тежок организиран криминал, посебно со штедилниците, консеквентно на тоа, Владата на Република Македонија, денес не треба да го постави прашањето на доверба, туку да поднесе оставка, член 93, став 2, од Уставот на Република Македонија. Доколку тоа, Владата не е спремна да го направи, тогаш на Собранието му предлагам да го применува членот 68 став 1, точка 17 т.е."да врши политичка контрола и надзор над Владата" итн., односно оваа единствена точка на дневниот ред ќе требаше да се преиначи на прашање не за доверба туку прашање за недоверба на Владата на Република Македонија, затоа што врз основа на член 92 став 1 и 2, од Уставот на Република Македонија "Владата и секој нејзин член за својата работа одговараат пред Собранието" и Собранието може да изгласа недоверба на Владата.

III/7.-

Во спротивно, во невозможност да ја постигнеме ли теоретски бројката од минималната потребна од 20 пратеници, врз основа на член 92 став 3 од Уставот, мојата пратеничка група ќе поднесе интерпелација врз основа на член 72 став 1 и 2 со најмалку 5 пратеници, барем тоа го имаме како мнозинство.

Се според точките и потребата, некогаш подолго, некогаш средно и трет пат пократко излагаше, некогаш прв или меѓу првите, некогаш околу средината, и трет пат последен, но меѓу последниве, меѓутоа и тогаш прв. И кога апстинираме знаеме зошто па и тогаш сме присутни, некојпат и повеќе. Денес многу концизно, многу конкретно за да не се репродуцираат прилично опсежните излагања при сличните прилики, во прилог ги доставувам во писмена форма од стенографските белешки, записниците од неколку мои досегашни излагања, како што се:

1. По повод првата реконструкција на Владата на Република Македонија, дуплирана од објективни и субјективни причини и:со првиот избор и првото гласање.

2. Излагањето по повод граѓанската иницијатива за распишување предвремени избори.

3. Излагањето по повод начините и формите за унапредување на меѓуетничките односи итн.,

4. Излагањето околу аферата со штедилниците

5. Предлог заклучокот на мојата парламентарна група на Партијата за демократски просперитет на Албанците и Народната демократска партија од 18.03.1997 година и

6. Слични излагања целосно или делумно.

Тие мои излагања врз основа на познатото правно старо римско латинско мутандис - мутамбис, да се измени тоа што може да се измени, односно адекватното, важат и при оваа прилика.

III/8.-

Денес само потенцирам:

1. Од Владата на Република Македонија и од Собранието на Република Македонија не барам ништо друго туку само оставка односно распишување на предвремени парламентарни избори;

2. Меѓутоа, од моите сонародници, од сите пратеници на парламентарната група на Партијата за демократски просперитет поединечно барам најсериозно прономсирање токму на оваа седница:

Прво, дали стојат зад кави такви нивни програмски опре- делби, нивната изборна платформа и понатамошното вербално авансирање на истите, посебно конкретно и за распоредување на дело, прво, доследно и безусловно барање, од нивниот коалиционен партнер од СДС, за изменување и дополнување на актуелниот устав на Република Македонија.

С**АЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Второ, до следното и безусловното барање за признавање и санкционирање и со посебен закон албанскиот јазик како службен јазик во РМ, односно рамноправен со македонскиот јазик.

Трето, барање на преамбулата и одредбите од Уставот од 1974 година за албанците во РМ, повторно да бидат конститутивен елемент, односно со статус на државотворец.

Четврто, да се легализира посебно и инкорпорира, веднаш во системот на високото образование и универзитетот во Тетово.

Петто, да се донесат нови, и изменуваат и дополнуваат постоечките закони за рамноправност на сите национални колективитети во РМ врз. основа па оргинерното, прероднoто право на албанците, посебно -што се однесува до употребата на знамињата, стекнување на државјанство, рамноправното и недискриминаторското застапување во Парламентот, Владата, судската власт и локалната власт, па нивните и другите управни органи и организации и адекватното вработување во сите сфери на нашево општество итн.

Шесто, во спротивно, од парламентарната група на ПДП не само во името на мојот лекторат, барам да се дистанцира, т.е. да не гласа за доверба, туку за недоверба на Владата на РМ, веднаш да ги повлече своите министри, заменици министри, судиите и другите највисоки функционери во РМ, се до општинските и заедно со нас, заедно со мене, да поднесеме заеднички оставка на функцијата на пратеници на Собранието на РМ. Каква доверба бара оваа Влада, од мојата партиска група, од мојата партија од моите избирачи од албанците за нејзините слабости. Значи, ние сега треба да легализираме тоа што самата Владата го преиспита, вие гласајте, но јас, моите избирачи, мојата

парламентарна група и апсолутното мнозинство, ако не и до еден албанец во Македонија, а го делам мислењето на сите граѓани во РМ, дека оваа Влада не треба да има веќе долг век. Преку нашите лица, преку нашите раце и нашето присуство, не може никако грешките нејзини да имаат подолг век и ние да чекаме како ќе биде со штедилниците и другите проблеми. Значи, прво, да се даде сметка пред нас, потоа да видиме што ќе биде. Не само некоја техничка влада, туку влада каква што баравме ние во нашите заклучоци, да биде заедничка власта со концизност во која ќе бидат рамноправни албанците и другите национални колективитети кои живеат во РМ. Не само што нема да гласа мојата парламентарна група, туку таа нема да дозволи да биде присутна кога ќе се мајоризира и надгласува. Значи, самиот акт на гласањето сакам да ве слушнам мои соработници да се произнесете и на крајот ние тука н сме присутни. Значи, таков грев мојата парламентарна група, албанците во РМ нема да преземе на себе што побрзо што понапред што пред време ќе поднесе оставка оваа Влада, верувајте или не, и за Владата е многу многу подобро, затоа што ќе дојде нова Влада, нормално оваа ќе ги врши работите додека не дојде новата, и во Македонија ќе почне нова ера, ќе се врати авторитетот кој е разнишан, и мислам дека на сите ќе ни биде многу поубаво.

Благодарам.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господин претседателе, г-дин претседателе на Влада, господа министри, почитувани пратеници.

Во ставовите групата на СДСМ беше образложено од сите аспекти зошто треба да му се даде поддршка на ова барање на Владата за доверба.

Јас тие ставови ги прифаќам, но ќе се обидам да ви кажам како јас гледам на ова барање од свој агол.

Фактички, имаме барање од премиерот да се гласа за доверба на Владата. Тоа како што беше спомнато е прв случај во нашата парламентарна демократија, бидејќи до сега таквите барања беа упатувани од пратеници, односно пратенички групи.

Причините, според мене се конкретни но и општи.

Конкретни би биле ескалирањето на негативните состојби, сврзани со работата и делувањето на штедилниците во РМ, особено оние каде што јасно постојат индиции и факти за злоупотреби, кривични дејствија и оштетување на граѓаните, и со цел аз расчистување на носителите на таквите инкриминирани и нечесни дејствија, барање доверба токму од овој премиер со својата Влада да влезе во таа битка во утврдувањето на таквите дејствија, барањето и лоцирањето на одговорноста и во другите сегменти од делувањето пред се на власта, со јасна најава со енергичност и решителност.

Општите причини би биле севкупните состојби во државата, со манифестирање ан незадоволство на граѓаните по разни основи, предизвикани од тешката ситуација во стопанството и рефлектот што тоа го дава во сите сфери на нашето живеење и работење. Стечајните работници, невработени, студентско - средношколските протести, ако така може да се наречат, со оглед на нивниот јасен инспиратор и легализатор, а сето ова пропратено со активностите на одредени политички партии кои во тоа по своја оценка гледа можност за профитирање и добивање на политички поени. Значи, во една ваква ситуација барање на доверба. Односно, би сумирал, во една ваква севкупна состојба барање доверба која ќе се искористи во брз временски интервал за решителна пресметка со сите нечесни и криминални однесувања, првенствено во сите сфери на делувањето на власта, со

нагласок дека ќе нема компромиси со никого и за никого и дека јавно ќе бидат обелоденети носителите на таквите активности, без оглед на нивната партиска и друга припадност. Барање најавнео во настапот на премиерот пред Парламентот, со искреност и енергична определба за сузбивање на таквите појави и однесувања, кои делуваат на севкупниот развој на нашата млада држава, барање кое не го сфатив како тајминг за правење на алиби, туку напротив го сфатив и како најава за реконструкција и на Владата, доколку се утврдат носителите на такви активности и дејствија и во Владата, а со очекувана помош од сите надлежни субјекти во државата за расчистување со носителите на таквите активности и во сите сфери и сегменти од институцијата на власта. Барање на премиерот која предизвика огромен интерес кај сите граѓани во РМ и политичките субјекти. По искажаните реакции можеби и единствен случај на кансензуално однесување и сфаќање на сериозноста на проблемот, очекуваните активности и последици од нив се во функција на заздравување на самото ткиво на државата и враќање на довербата на граѓанинот за правната држава, како и отворање на дијалог меѓу најголемите политички партии и за најзначајните државни интереси. Ете така јас го сфатив ова барање за доверба. Но, очигледно како и многу пати досега меѓу ретките, пратениците на ЛП повторно немаа слух за вибрациите што се случуваат во државата. И повторно прават грешка, можеби случајна но можеби и намерна, со цел за опструкција на најавените активности, со јасен страв од нивниот исход. Како тој исход ќе делува на нивниот политички рејтинг.

Во ситуација кога сите очекуваат акција, тие предлагаат формирање на некоја техничка влада, за што мислам и тие самите немаат визија и претстава. Дури и најголемата опозициона партија ВМРО-ДПМНР почувствува дека создадена состојба во државата со

настапите на претседателот на државата во Парламентот и претседателот на Владата во Парламентот, не е плодна за манифестирање на најавената улична демократија, па ги одложија најавените протести.

Во тој контекст дадено е според мене еден непотребен рок од 30 дена. Непотребен, бидејќи во овој случај и за вакви цели не се важни роковите, важна е решеноста на носителите на власта, а се справи со едно огромно зло и да се бори со негов континуитет, бидејќи е погрешно ако некој смета дека ова е само една конкретна акција, напротив, јас ова го сфаќам како трајна определба и што е значајно постои уверување дека се знае ќе се направи и прави без оглед на евентуалните отпори и опструкции. Јасново меѓувреме мора интензивно да се работи, на најзначајните цели во ова време, за оваа држава, за овој народ. Тоа е подобрувањето на состојбите во стопанството, неговото заживување и продолжувањето на тенденциите .на растот на производството и подобрувањето на стандардот на граѓаните. Намалувањето на стечајните и невработените работници, создавање на еден поповолен амбиент за странски вложувања и постепено остварување на долгорочните цели на РМ за комплетно асоцирање односно вклучување во европските асоцијации, односно европската унија.

Сето ова што во меѓувреме го минуваме е една неизбежност која изгледа мораме да ја минеме во еден транзиционен процес. Од нашата умешност, способност мудрост и стрпливост, зависи колкава и каква цена ќе платиме на тој пат. Дали ќе дозволиме стихијно, или смислено да се исфорсираат состојбите какви што ги видовме и гледаме во соседството, или ќе опстоиме и како и досега попаметно и помудро ќе ја извлечеме оваа држава од таквите опасности, бидејќи за разлика од нив кај нас влог е државата и нејзиниот опстанок и ќе успееме да ги обезбедиме предусловите за нејзиниот развој и просперитет. Убеден

сум дека сегашниот премиер и оваа Влада имаат знаење, политичка зрелост и мудрост, како и концепција како да ги остварат овие цели. Затоа ќе гласам за доверба кон нив со очекување сето тоа што беше речено во настапот на премиерот на претходната седница да се реализира.

Благодарам.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, дами и го посеа, господине премиер, нормално е дека кога настапуваш во име на пратеничка група и во име на партија која коалицира, односно партиципира во Владата и настапот мора да биде со одмерени зборови, не затоа што се однесува за Владата, туку затоа што претендираме и понатаму да бидеме сериозна партија и нашите настапи и нашето дејствување како пратеничка група секогаш ќе го направиме со подлабоки доблести до доблест анализи за сето тоа што се случува во РМ и сето тоа што не опкружува како РМ.

Точно е тоа дека прв пат ни се случува премиерот да бара доверба на Владата. Дури понекогаш и во вакви прилики, како да не знаеме да се снаоѓаме. Се наоѓаме во еден стрит уајс што навистина не знае човек како да настапи, затоа што прв пат ни се случува премиерот да бара доверба на Владата и нашите размислувања одат до таму, да му дадеме поддршка на премиерот или на целата Влада, меѓутоа, кога даваме аз премиерот тоа значи за неговиот кабинет.

Настапот на премиерот сите го прифативме што посебно ме радува и опозиционите партии на нивните конференции на печат, изјави

и како пратеници, или како луѓе од политиката и така натаму, јас барем така ги слушнав дека сите дури биле презадоволни од настапот на премиерот. Што значи тоа? Зошто беа презадоволни. Презадоволни затоа што во неговиот настап имаше одлучност, имаше смелост, а кога тоа го прави првиот човек на Владата, треба да се верува, затоа што сепак тука се се врзува и со одговорност. Можеше така да настапи и обичен пратеник, меѓутоа, одговорноста на еден премиер кога јавно ќе го каже тоа дека до крај ќе одиме во тоа што е расчистување на криминални дејствија и се што е штетно во општеството, односно во државата, тогаш мислам дека императивно е да поверува човек дека и така ќе биде. Ние кога го слушнавме тој настап. после две жешки теми, и тоа многу жешки и чувствителни, кога расправавме за унапредување на меѓуетничките односи за кои некои од опозиционите партии, па и слободни интелектуалци велат дека па не требало ни да се расправа, затоа што ние немаме тема за меѓуетнички односи. Јас имам разбирање само до таму дека колку и од која позиција ќе се вели дека имаме или немаме меѓуетнички односи во РМ. Меѓутоа, ако има една групација една популација која секогаш поставува проблеми кои се од интерес на една националност, тогаш невозможно е да се заклучи дека нема меѓуетнички односи. Само тука е во прашање колку што е тој во мнозинство или припаѓа на мнозинство има нон сенс кон таа тема односно кон таа појава која ја имаме во РМ.

Исто така расправавме за пројавените неправилност во работењето на некои штедилници, а синоним на тие штедилници се спомнуваше штедилницата ТАТ. Исто така веќе сите заклучивме дури кажавме тие што дискутираа дека навистина постои проблем и тоа сериозен. Постојат граѓани за кои ние сме загрижени и како Владата и како опозиција и како луѓе и тешко да поверувам дека има човек кој не е

загрижен за вакви состојби. Да биде еден обичен граѓанин толку оштетен или во таква ситуација како што се штедачите во оваа прилика. Ние не сакаме и многу сме растоварени во овој случај и како политичка партија и како партиципиенти во Владата, затоа што не сакаме да носиме ние хипотека дека партиципираме во Влада каде што има криминалци. Се извинувам што вака го кажувам, но условно го кажувам вака. Затоа што тек треба да се докаже и да се види дали во оваа Влада има криминални или нема криминалци. Или дали во оваа група пратеници исто така има учесници во тоа што се криминални дејанија или нема. Кога ќе расчистиме тогаш. Мислам дека ние со оваа работа имаме други институции кои ќе се занимаваат со оваа работа и ќе се дојде до тоа што е вистинското. Затоа што опозиционите партии, опозиционата индивидуа, дали се независни, зависни и тн. слободно дури и многу оправдано секогаш да го кажат тоа додека се во опозиција дека имаме, се извинувам, можеби не во мојот речник вака, имаме лоповска Влада. Дури и така велат. Ние мораме да видиме сега. Веде премиерот е подготвен, спремен за тоа да се оди до крај и ние да се ослободиме од таа хипотека. Затоа што со нашите министри и со сета Влада ја сносиме ние, затоа што ние гласавме за оваа Влада, или ние партиципираме во таа Влада и сакаме до крај да видиме. И на крајот да видиме дали учествувавме во таква Влада како што велат опонентите или опозициите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ**: (Продолжение)

Јас навистина не би сакал да се вмешани многу, дури ниту еден, во сите овие работи, меѓутоа тие што се бават со оваа работа за да се провери и да се направи таа проверка кој колку учествувал во овие криминални дејствија, тогаш веројатно ќе има вмешано и други субјекти. Тоа го велам веројатно. Не може да се оди априори дека само луѓето од Владата се вмешани, само луѓето од позицијата се вмешани, а другите не.

Да видиме. Сигурно ние ќе имаме уште една расправа па ќе видиме каде се и опотиционите партнери, се разбира од кои нивоа, во какво ниво, затоа што од опозициона партија немаш министер. Така што високи функционери нема да имаш вмешаново овие ситуации. Меѓутоа може да има вмешани до таму до каде имале функции.

Се спомнува Битола, штедилницата во Битола. јас едно знам дека во Битола таа локална власт битолска овие 5-6 години беше ВМРО-ДПМНЕ и Либерална партија, така ми се чини ако не грешам.

Ние што сме во позиција во овој случај, нормално дека сносиме одговорност. Сносиме одговорност затоа што треба и да се направи се за да се откријат тие криминалци, одговорноста и понатаму ќе биде наша затоа што не сме ги откриле навреме, значи свесно се оди на една одговорност. Па, тоа и значи позиција, да имаш власт и да имаш одговорност.

Е, немојте Вие сега да сфатите од овој наш настап дека ние сме задоволни , презадоволни од Владата на Република Македонија. Ние имаме одредени сегменти каде што не сме задоволни. Вие знаете дека како пратеничка група, како партија кои учествуваме во Владата секогаш

го нагласуваме тоа дека не сме задоволни со приодот односно тоа што е направено се во врска со образованието, особено со високото образование, со позицијата, статусот на албанскиот јазик и т.н.

Меѓутоа, и понатаму инсистираме на поголемо разбирање и поголем респект кон нас, како партнери во коалицијата, а специфичноста е во тоа што учествуваме ако коалициони партнери и претставуваме едно големо мнозинство на албанците во Република Македонија. Тука е тежината на нашето коалицирање во оваа Влада.

Затоа што не ни се допаѓаат некои работи. Ние, можеби сите не знаат, требаше и да се дистрибуира, да речеме не сме задоволни како коалициони партнери односно како пратеничка група во овој случај за доаѓањето на г-динот Пангалос тука и во сите тие разговори каде што се разговараше за; регионот, проблемите, а претпоставувам за кризата во Албанија и т.н., во тие разговори не беше вклучен, не видов јас ниту еден министер. Не значи тоа дека ние нема да имаме информации од премиерот и со сите тие што се сретнал. Меѓутоа, како коалициони партнери мислам дека требаше да бидеме учесници во тие разговори, затоа што сепак сме партнери во таа коалиција.

Мислам дека во дел од настапот на премиерот имаше и една најава, блага, дека после ова ќе се седне и ќе се разговара и со претставниците, односно лидерите на опозиционите партнери. Мислам дека многу е позитивно, што значи дека се сфаќа сериозноста на сите проблеми што ги имаме во државата и со тоа значи дека треба да се разговара и со лидерите на опозиционите партнери и да се разговара понатаму како ќе одиме во врска со изборните закони, начинот, односно каков систем на избори ќе имаме и тн.

V/3.-

Она што е познтнвно и многу прифатливо од нашата пратеничка група е приодот кон проблемот. Значи, начинот, методологијата, значи не сме задоволни со разрешувањето на проблемите, меѓутоа начинот и во сето ова како начин и приод кон проблемите го додаваме и тоа дека има поддршка од релевантните фактори, а релевантен фактор за мене е кога еден Стејт департманот се обраќа до Владата на РМ и позитивно ги оценува и дава поддршка на приодот, односно Европската унија и т.н.

Сите овие се моменти што ние, навистина и ги анализираме и како пратеничка група и како партија, мораме да ги анализираме затоа што одговорно сакаме понатаму да имаме наша константа во политиката односно во политичкиот мозаик на Република Македонија.

Инсистираме, исто така, никогаш, јас сега погрешив што велам никогаш, што се однесува до правата да не се рече, да не се настапи со било кој министер, од било кој наш коалиционен партнер дека со правата на албанците или на турците или на другите и т.н., тука е плафонот и готово, нема што да барате понатаму. Тоа значи стоп за и за развивањето и на демократските односи, тоа значи еден стоп и за сето тоа што е интегрирано во европски трендови кои што, навистина, скоро секој месец се расправа некаде што понатаму со правата на тие што се помалку во некоја држава. Затоа што мислам дека се дава големо значење на сите работи што се чувствителни во секоја држава, а посебно во нашава држава РМ.

Бидејќи се работи за давање доверба на Владата, токму затоа што пишува и во текстот од пратеничката група, уште еднаш, само го афирмираме на оваа говорница тоа дека заедно со сите субјекти, структури и т.н. во прв ред се разбира тука е премиерот, му даваме поддршка за пресметка до крај со сите криминални дејства и за ова пратеничката група дава поддршка на оваа Влада односно на премиерот.

Благодарам.

V/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги, господа министри,

Можеби хендикеп ќе биде што го нема премиерот, меѓутоа сепак тука е Владата, се однесува за сите.

После излагањето на копретседателот на Собранието и на партијата, можеби би било депласирано да пренесам дел на искажувања и јас. Сепак се одлучив да проговорам за еден дел што ќе биде во правец на она што ни беше главната цел, поддршката односно остварување . на идејата оваа Влада да ги расчисти состојбите до крај.

Од таа причина секогаш е најтешко да се одговара сигурно на едноставни и кратки прашања, па и во оваа прилика е тешко да се одговори на прашањето до каде ќе стигнат барањата на премиерот во расчистување на напластените состојби, колку има вистина во тоа прашање и, ако сериозно се гледа на него, се поставува прашањето каква ќе биде стратегијата, како ќе се расчистува и кој е приодот?

Сигурно РМ во децентрализација на монополското општество навистина отиде многу далеку и повеќе функционални системи се осамостоија. Со ваква децентрализација на РМ едноставно се објаснува нејзиното демократизирање прифатливо за европските стандарди.

Меѓутоа, создавајќи низа паралелни хиерархии на републичко ниво се отвори простор за демократизација, но се отвори и празен простор за меѓусебна конкуренција на разни структури. Постанувајќи само задоволни, во некоја рака се одделија од системот и започнаа со

меѓусебно внатрешно елитно пресметување, па така , со дезинтеграција на хиерархијата во Македонија се поставува прашањето кој ја врши контролата?

Од тие причини ова денешно време е. време во најголемата и најисклучителната одговорност на сите политички субјекти на нашава држава, а посебно на Собранието на РМ, како носител на законодавната власт, на државната и претставник на сите граѓани.

Се соочуваме со драматична состојба која може катастрофално да влијае на:

1. На безбедноста;
2. На стабилноста;
3. На просперитетот на демократските и реформски процеси на нашата земја.

Значи, станува прашање за безбедноста и стабилноста на нашата држава. Ако вчера расправавме за еден од најчувствителните столбови на нашата стабилност - меѓунационалните односи и донесовме Декларација што претставува најширока платформа врз базата на конкретни правци за унапредување на меѓуетничките односи, во духот на толеранција, дијалог и взаемно почитување, со што ги согледавме насоките на нашето приоритетно дејствување, денеска сме исправени пред изградување на уште еден гарантен столб на нашата безбедност и просперитет, тоа се механизмите и функционирањето на правната држава.

Во битката против најголемото зло на ова општество - организираниот и секаков друг вид криминал, организираниот и друг вид на криминал како окопот ги напаѓа највиталните делови на државата. Како што вчера им рековме "не" на сите видови национализам, денеска

треба да кажеме "не" и на сите видови криминал. Во таа голема одговорност на сите нас Владата се исправува со прашање на нејзината доверба. Колку јас тоа го разбирам не е тоа барање доверба како барање прошка за пропуштеното, не направеното и за можните замешувања на одделни нејзини членови и носители на одговорни функции во власта, туку како шанса и како времена можност Владата, по; енергично да ја води започнатата битка не бегајќи и од прифаќање на својата одговорност и на своите членови.

Напротив, како разбирам, таа бара време и простор за да покаже дека може и болните делови од своето тело да ги засече без сентимент, партиски, другарски или некои други функции. Јас така го прифаќам денешното исправување на г-динот Црвенковски и неговата Влада за доверба пред ова Собрание.

Според Уставот Владата и секој негов член, нејзин член, за својата работа одговара пред ова Собрание. А, прашањето за довербата на Владата може да го постават најмалку 20 пратеници. Сигурно, Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата и другите носители на јавни функции, одговорни пред ова Собрание. Најмалку 5 пратеници можат да поднесат интерпелација за работа на секој носител на јавна функција. Ние тоа не го сторивме иако особено во предизборните активности се искажаа бројни забелешки и за Владата во целина и за министрите поединечно. Или немавме аргументи или тактизиравме иако секоја јавна функција е изложена и на грешки и не е грев да се расправа за нив.

Сега, премиерот на Владата, соочувајќи се со конкретни проблеми од кои не може да се исклучи одговорноста на Владата во целина и на некои министри посебно, како што е нараснатиот проблем со

организираниот криминал од секаков вид, особено манифестиран низ појавата на незаконитости во функционирање на голем број штедилници во Републикава и не само нив, поднесува барање за поставување доверба пред Собранието.

Може да се разговара за поединечна одговорност ан секој субјект во Владата, за грешките и за замешувањата на поедини министри, за тоа дали некој се напаѓа или ќе се најде на овој список да се изостави од Владата или да добие целосна реконструкција, но довербата на премиерот и на Владата во целина треба да и се даде. И тоа од следните причини:

1. Затоа што таа доверба не се бара во моментот на тијумфализмот на таа партија на која припаѓа премиерот. Таа да добие неограничена виза за своето натамошно практично зацврстување на неограничена власт.

2. Довербата не се дава со цел да се покријат одделни слабости и обезбеди алиби за простување.

3. Таа не носи лична сатисфакција на премиерот и на неговата партија, зошто од одговорноста не се исклучува ниту самиот ниту партијата на чие чело се наоѓа.

Напротив, и премиерот и Владата го поставуваат прашањето во едно најнеповолно време за нив, кога државата е нападната од круп- ни проблеми и општествени зла, во време кога тие се на чело на Влада- та која носи одговорност за тоа. Одговорноста ја носат и коалициони- те партнери кои колаицираат во таа Влада.

Токму заради таа храброст на премиерот и Владата јас, а сега ќе употребам и мојата партија, бидејќи така беше искажано во претходната постапка, сметам дека таа доверба треба да се даде како шанса

ветената бескомпромисна битка против криминалот да ја извојуваат на сите нивоа и со сите носители кои треба да бидат примерно санкционирани, без оглед на нивната партиска и хиерархиска припадност.

Но, има една задршка, таа доверба носи и сериозност во задршката. Ако во битката се остане само на декларации, ако се заталкаат нејзините острини, утре треба да разговараме за недоверба, заради прокоцканата доверба.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Пецо Стојановски.

VI/1.-СП-ВБ

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

На последната седница на Парламентот се расправаше за девијантните појави со штедилниците "Алфа С", "Лавци", а особено за штедилницата ТАТ. Неоспорна е оценката дека се работи за незаконско работење, односно организиран криминал што може да има негативни последици врз економскиот развој на државата. По тој повод многу јасно беше искажувањето на премиерот г-динот Црвенковски кога најави дека со ваквите незаконски појави мора да се расчисти, битката да се води до крај. Сигурно ваквата акција најавена од премиерот може да погоди многу луѓе, луѓе со големо влијание, може да погоди луѓе во различни институции, можно е битни институции да бидат потресени, но мора овој процес да оди до крај без компромис, во интерес на правната држава.

Да се истера оваа работа до крај односно да се каже конкретно кои личности се вклучени во актуелните афери, потребно е на Владата на РМ да и се даде поширока поддршка од сите институции на системот, поготово од истражните органи, инспекциските органи, обвинителството, судовите и Парламентот.

Јас, во целост, ја поддржувам Владата и верувам дека со успех ќе ги заврши поставените задачи и ќе застане на патот во дефинитивно расчистување со криминалните дејствија во државата со што ќе го зацврсти угледот на нашата земја и стабилноста на граѓаните. Ова е дотолку позначајно што од страна на премиерот на Владата првпат отворено се изнесе акцијата со која еднаш за секогаш ќе се пресечат ваквите шпекулативни дејствија на несовесни поединци и институции.

Благодарам.

VI/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Почитувани дами и господа,

Заради санирање на последиците од пројавените незаконитости во функционирањето на поголем број штедилници и правни субјекти под формата на штедење во Република Македонија, а се со цел да се заврши целокупната контрола што е можно побрзо и вистинската состојба да биде презентирана пред јавноста на Република Македонија како и утврдувањето на начините, формите и динамиката на обесштетување на граѓаните на Република Македонија и утврдувањето на криминалитетот по овие незаконитости и сите други активности кои би уследиле по расчистувањето на овој случај, како пратеник ја изразувам својата подготвеност за целосно расчистување на овој случај, создавање поддршка и доверба на премиерот г-динот Бранко Црвенковски и сите членови на Владата кои би биле подготвени за остварување на тие активности.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Јас неколку дена размислувам што би било најпаметно да се направи во врска со оваа состојба и иницијативата што ја покрена претседателот на Владата.

Долго размислував дали би било добро, излагам сега со една антитеза за да ја потврдам тезата, дали би било добро да и се советува на Владата можеби сама да се повлече од власта, за да одеднаш и со се

се расчисти се со она што се оптоварува дека бара непрекината власт, не може да ја напушти власта, дека сама е заглибена во не знам какви состојби итн., за да би се создала атмосфера да видиме кои се тие сили, кои се тие снаги кои се подготвени во ваква состојба во каква е општеството, ќе кажам како доаѓа општеството во ваква состојба во наши услови, кои се тие што можат да ја понесат одговорноста, да го одржат мирот, да одржат социјална стабилност и да ја понесат сета одговорност што ја носи ова тешко транзиционо време кога се менува не само економијата, туку целиот систем на вредноста, на луѓето, целиот систем на нивниот поглед на свет и на нештата. Тоа е мое уверување, еве слушнавме поинакви мислења, мое уверување е дека со самото напуштање на оваа власт од оваа екипа во овој момент без избори, би настанал хаос.

Прво, затоа што ниедна екипа, експертска, стручна, техничка и не знам каква не е подготвена веднаш сите конци на механизмите на системот да ги совлада, сите нив да ги држи во континуитет, паралелно совладувајќи ги сите тешкотии што ги донесе и времето, а и самиот живот ги наметнува.

Јас,кога би бил и во опозиција односно и без тоа еве пола позиција пола опозиција, сега да ми понудите власт на било која функција, многу тешко и никако не би бил подготвен да ја прифатам затоа што мислам дека е исклучително одговорна задача, не се чувствувам толку подготвен и таму каде би сте ме ставиле, не би бил сигурен дека сите механизми би ги држел во раце.

Затоа заклучив дека не би било продуктивно во овој момент да и се понуди на Владата да се повлече, напротив, со оглед на состојбите, не само за темата за која неколку дена расправавме, туку и за многу други теми таа да истрае во можностите колку има сили валканото да го

исфрли за да од чистото направи една поконзистентна хармоничност во водењето на општеството и во системот во целина.

Убеден сум, од убеденост, не заради вљубеноста во луѓето кои се сега во Владата, туку од убеденост дека би дошле во конкретен хаос. Јас сум сигурен кога Владата денеска би се повлекла, за 10 дена би имале стотна, ако не и иљадитна инфлација одеднаш оти таа другата не би имала ни еден друг механизам барем за првиот демагошки настап освен да печати пари, за било кој случај ако сака да го реши.

Инаку, сепак мислам дека за нашата јавност ние, не ние, туку науката пред се, е институциите кои се задолжени за некои истражни проекти да кажат дека тешкотиите што ги имаат сите бивши социјалистички земји кои одат сега во транзиции и во наши услови во вакви пропратни тешкотии сакале или не се нашле или ќе се најдат. Економската почва на која лежиме, материјалната основа со која располагаме, па дозволете да кажам и човечкиот материјал со кој диспонираме, не можат во овие големи ломови да поминат без големи тешкотии, неможно е, не само заради операцијата на приватизацијата, туку таа операција на приватизација бара уште иљадници операции за да може сама себе да се соземе, сама да го оплоди итн.

Второ, ние имаме една наследена состојба во државните институции да не може да се оддели она што е политичко, идеолошко од она правно нормативно. Министерот да биде и најголемиот демократ во овој момент, во една таква структура на институции и составот во институциите не може да се ослободи од политичкиот дел во самиот состав за да тие бидат заштитници на законот, а овој да биде заштитник на политиката за која дошол таму. Тој стално да му кажува г-дине министре таа ваша политика е во ред, меѓутоа, таа се коси во овој дел со законот. Овој е најчест, од се уште пристапниот компромисен

менталитет или компромисна хигиена на менталната состојба која е подготвена да и поведува на политиката дозволувајќи на тој начин да слизне целата институција во некои случаеви. Има и многу други механизми.

Но, сакам да кажам следното: г-динот претседател со она што го кажа, јас оној ден забележав дека некој малку ми се чудеа зошто со еден восхит го примив говорот и го поддржав оти мислеа дека на овие години не ми личи вака да се израдувам, меѓутоа, знаете зошто, јас тоа го почувствував како една голема храброст на човек кој си зема голема одговорност оти прво, јас не ја знам околината со која е опкружена каква е, јас не се мешам, верувам дека е добра, меѓутоа тоа е голема одговорност и по дикцијата секако се кажа дека нема назад, тоа е суштината на нештата, нема назад, а за тоа напред треба не само ваква и оваа екипа, туку и многу поширок слој на општеството да ја поддржи оваа иницијатива за да може до крај да се изведе. Оти, едно криминално дејство разголува други елементи на криминални дејствија, а тоа значи го шири и отпорот спрема истражувањето и изведувањето на работите до крај. Затоа мислам дека оваа храбра идеја треба да се поддржи дотолку повеќе, но загрижен сум од силите што треба да ги собере премиерот и сите министри заедно, па и ние како Парламент, па и поширокото општество и треба да го поддржат.

Уште нешто да кажам дека една важна работа пријатно ме изненади, една важна опозициона партија покажа толкава доблест во догледно време да даде здив, а ме изненадија другите од кои очекував дека ќе имаат такво разбирање дека такво разбирање не покажаа. Тоа е сепак некој сенс за државноста не за политиката, не за власта, туку сенс за државноста, таа е повисока од овие другите. Мислам, од таа гледна точка денеска Социјалистичката партија го следев со задоволство и нивните тези треба да се прифатат.

VI/6.-

Еве, од таа гледна точка сакав лично да се изјаснам дека ќе ја поддржам Владата и ќе посакам да успее во ова што настојува и велам дека ние од страна можеби не можеме многу, но толку колку можеме да придонесеме за тоа. Мислам дека ваквиот пат отвора можност да создава кондиција на Владата и внатрешна и меѓународна да решиме некои проблеми што ги спомнаа господата што се уште отворени и ќе имаме и други отворени но мислам само една Влада со кондиција и доверба тоа може да го постигне.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господине претседателе, господа пратеници и госпоѓи пратенички и господа министри,

Однапред да кажам дека ќе споменувам и некои имиња кои, за жал, не се тука, се разбира, тоа е нивен избор, тоа е демократија и секој човек има право на личен избор т.е. има право на изборот да биде дури и отсутен.

Ние имаме ситуација во која се ограбени завиден број граѓани од една, а се збогатија или како што популарно се вели "се нафатираа" само мал број граѓани во аферата штедилници. Големиот број граѓани сега функционираат како маса. Таа маса е видлива, таа притиска, таа бара решение за своите мали, но сепак загубени пари. Малиот број граѓани се сега засега, како што ни е добро познато, анонимни или сеуште анонимни. Тие штедилници кои почнаа да работат на начин по кој работат штедилниците и банките откако постојат во онаа форма што ја

VI/7.-

познава западниот и целиот свет се занимаваат со акумулација на пари. Тоа го прави според закон кој го донесе овој парламент. Потоа, пак, според законот, стекнаа право да пласираат пари или како што популарно се вели да го оплодуваат својот стекнат капитал, онака како што еден мал анонимен штедач ги оплодува своите пари преку камата што му ја дава на штедилница или банка.

Дека на тие штедилници им одело или им оди се до извесен период добро по кое се се урива како кула од карти знаеме по тоа што речиси сите пропаднаа на ист истоветен начин. Нивната пропаст не доаѓа и колку парадокасно да звучи од недостиг на пари, туку од премногу пари. Една, која евентуално би можело да се одржува и да опстанува со 500 илјади ДМ го зголемила својот номинален, а не супстанцијален капитал на 10 милиони ДМ. Друга, која евентуално би можела да се одржува со 4 милиони ДМ паѓа како кула од карти кога нејзините ефективи нараснуваат на 40 милиони ДМ. Трета, и тоа најславната и уште најопасната која заправо зададе еден добар, ако не и претежок финансиски удар според некои индиции почнала со два потписа, а дотуркала до некои 100 милиони ДМ номинален капитал.

Кога доаѓаме во такви драматични и опасни ситуации имаме обичај да зборуваме за објективни и за субјективни фактори кои довеле до такви опасни ситуации. Со првото признаваме дека постои некоја сила која не може да се контролира и која порано или подоцна ќе доведе до опасна непожелна и негативна ситуација од која ни нема спас.

Со второто признаваме дека некои актери на тие ситуации ги прекршиле општите правила на игра и кои со тоа заслужуваат казна која можеби нема да ја поправи веќе нанесената штета, но затоа ќе ги намали можностите да се повторуваат такви. непожелни опасни ситуации.

Кратко речено со тоа ние идентификуваме системски од една и персонални фактори до друга страна кои не соочуваат со ситуација кога се ограбуваат речиси на легален начин голема маса граѓани за да се збогатат грст анонимни, но затоа пак вешти снаодливи и по секоја веројатност повластени лица и граѓани.

Сметам дека има смисла подоробно да го изложам своето становиште за персоналниот фактор. Нема да зборувам за системскиот, структурен фактор, затоа што тоа води кон теоретска академска расправа по тие и такви прашања.

Локацијата на тој фактор се движи во сферата на власта, легислативна, егзекутивно финансиска и судска. Тоа е, така да се каже, една општа формула на која тешко може да и се стави некој крупен приговор, но сепак може да и се стави приговор. Формулата упатува на тоа дека во ситуација кога доаѓа до грабеж од големи и масовни размери• свој удел има Парламентот, свој удел има Владата и банката, свој удел имаат и оние институции кои делат правда. Кога не би било така премиерот на Македонската Влада не би побарал од своите министри да го суспендираат своето право на тајност на личните влогови во инкриминираните штедилници, Парламентот не би побарал од своја страна тоа да го сторат и пратениците или со еден збор кажано никој не би се осмелил да побара општа и масовна проверка на оние фактори кои имаат крупни, јавни овластувања и кои, заради лична корист, би можеле да ги употребуваат тие крупни јавни овластувања.

Сметам дека треба и тоа енергично да се поддржи тоа што го побара јавно премиерот. Сметам дека треба да се поддржи енергично затоа што начинот на кој го побара дава гаранција за тоа дека може и дека мора да се истераат сите тие валкани работи на чистина.

VI/9.-

Кои се, според мене, тие гаранции? Кога кажав дека некоја група крупна криминална афера каква што е аферата на штедилницата ТАТ не може да се замисли, а пак уште помалку да се оствари без конкретен удел на луѓе со широки овластувања.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ**: (продолжение)

Дека луѓе со широки овластувања се наоѓаат на такви позиции, кои се позиции на власт, било легислативна, било егзекутивна, било судска не кажав со тоа дека сите луѓе од легислативата, сите луѓе од Владата и од надлежната банка, сите луѓе од судските органи што имаат високи овластувања се обични криминалци. Да се побара оставка, или како што се вели само распуштање на Парламентот, тоа значи по имплицитен начин да се прогласат сите парламентарци за директни или индиректни учесници во една криминална афера, каква што е аферата ТАТ.

Да се побара оставка од Владата, затоа што во нејзиниот мандат екслопидаарат аферите Џамаданче и Македонија реклам, штедилница "Лавци" , штедилница "Алфа-С" и најновата најспектакуларна ТАТ од Битола, тоа значи на директен или индиректен начин да се прогласат сите луѓе во Владата за криминалци. Да се побара истото од високите судски органи, не значи друго, освен јавна пресуда по кратка постапка на тие што допрва треба врз основа на факти да судат за конкретни актери на конкретни афери во конкретно време и простор, а времето е сега и просторот е Македонија.

Да се уважи барањето за оставка на Парламентот, Владата и високите судски органи, тоа значи да се направи една опасна и недопуштена генерализација. Тоа значи не е во прашаше конкретна, персонална одговорност која може да се идентификува, која може да се именува, која може да се утврдува и да се утврди, тоа значи да се генерализира, да се воопшти, да се дистрибуира, да се социјализира одговорноста до тој степен, што ќе се поништи како одговорност. До поништување на одговорноста, чија што супстанцијална форма е така наречената колективна одговорност, доаѓа тогаш кога ќе се каже дека не четири министри од Владата, како што јавно соопшти при еден говор г-дин Стојан Андов, при што пропушти да ги соопшти јавно нивните имиња,

туку сите владини министри имаат свој директен или индиректен прст во аферата со штедилниците. Така велам, затоа што таму и тогаш кога одговараат сите за нешто, практично, никој не одговара за ништо. Така велам, затоа што одговорноста се деперсонализира. Затоа што таа се обезличува. Затоа што се амнестира конкретна личност со конкретно име и презиме, а се апрострофира институција која се вика Влада. Таа Влада ќе се смени. Министрите ќе ги загубат своите места и на тој начин ќе се изедначат оние што вареле каша во ТАТ, со оние што ниту помирисале, а камоли да пробаат од таа врела, финансиска каша.

До поништување на одговорноста доаѓа исто така кога ќе се каже дека само премиерот Бранко Црвенковски, министерот за правда Владо Поповски и министерот за култура Слободан Умковски, ниту вареле, ниту пак сркале од таа финансиска ТАТ каша во Битола, од што следува дека сите други министри во кабинетот на премиерот Црвенковски имаат заслуги за таа финансиска каша. Тоа го кажа јавно и веројатно врз основа на конкретни' факти, кои веројатно допрва ќе ги каже г-дин Љупчо Георгиевски, лидер на ВМРО-ДПМНЕ.

Ако г-дин Андов подеднакво, како и г-дин Георгиевски не само врз основа на индиции или интуиции, не само врз основа на конјуктури и дедукции, или во крајна линија не само врз основа на показа- тели со висок степен , веројатно, зборуваат за тоа, постојат конкретни луѓе во конкретни институции виновни за криминални дела, тие со тоа даваат јасен доказ дека во духот на фундаменталните демократски начела бараат конкретна, персонална, а не апстрактна и институционална, односно колективна одговорност за една финансиска афера која се вика ТАТ, или за серија слични, или идентични финансиски афери, што претходат на аферата ТАТ. Токму тоа ми допушта да утврдам најмалку две вакви работи.

VII/3

Постои полна согласност меѓу тоа што јавно го побараа г-дин Андов и г-дин Георгиевски од една и г-дин Бранко Црвенковски од друга страна. Тие се согласуваат дека за одговорноста во врска со - финансиските афери што ја потресоа Македонија, а кои се закануваат не само да ја разнишаат, туку и да ја уништат нејзината инфраструктура, односно да ја криминализираат на долг рок. Тие се согласуваат дека таа одговорност може да биде само и само персонална, а никако колективна. Тие се согласуваат дека персоналната е вистинска, фактичка и конкретна одговорност. Се согласуваат дека начин да се избегне и да се избегнува одговорноста , таков начин со кој имаме мошне големо социјалистичко општество е поправо оној начин, кој ја социјализира таа одговорност, оној начин кој прибегнува кон познатата практика на колективна одговорност. Таа практика стапува на сцена тогаш кога ќе се рече дека сите се подеднакво како Парламент, Влада, банка и суд одговорни за тоа што ни се случува сега, а тоа значи дека ако сите се одговорни, никој заправо и не е одговорен.

Штом ќе дојде до тоа да се генерализира некоја персонална одговорност, се доаѓа и до ликвидација на конкретно дело за кое треба да се одговара. Делото за кое се одговара се изместува од конкретно време. Тоа дело се овековечува и станува вечно. Како вечно делото му се припишува на бога. Се вели со тоа дека станува збор за божјо дело, а не за дело на еден конкретен човек. Се вели дека само такво дело не е дело на конкретна дама под име, на пример, г-ѓа Соња Николовска со божествен финансиски шарм, која од една фикција со стотина илјади германски марки како квасец , доаѓа до тесто до стотина милиони марки. И тоа пред носот на друго лице кое се вика Борко Станоевски прв банкар на држава Македонија.

VII/4

Што побара премиерот со своето драматично обраќање до јавноста, а во врска со сосем конкретни настани кои му нанесоа страотен финансиски удар на нашиот систем. Тој побара време и поддршка да ги верификува, а потоа да ги соопшти на јавноста оние индиции кои наведуваат на тоа дека луѓе со доверени и поверени овластувања можеле да покриваат финансиска махинација од големи размери, која ќе експлодира како финансиски скандал од прв ред. Побара време и поддршка тие индиции, како што кажа во своето обраќање до јавноста да ја добијат тежината на докази. Тој не кажа колку министри од Владата мешале прсти во аферата ТАТ , како што го стори тоа г-дин Андов, иако не ги именува. Не кажа и кои се тие министри, затоа што не ги именува како што го стори тоа и г-дин Георгиевски во еден негативен начин, а имено, со тоа што г-дин Георгиевски именува директно дека само тројца луѓе од Владата не се замешани во аферата ТАТ кажа на индиректен начин дека сите други луѓе од владиниот кабинет треба да одговараат за настанатата финансиска афера. !

За да можат да се проверат врз основа на доволни и непобитни факти тие индиции, според кои луѓе од извршната власт, заради лична капитализација на своите јавни функции склопиле сојуз со еден шармантен финансиски махер и по тој начин јавната власт ја претвориле во приватна, тој побара од сите луѓе на својот кабинет да го суспендира своето право на тајност на нивните влогови или на влоговите на нивното потесно семејство. Една таква, по мое мислење, неопходна логика усвои Парламентот на РМ. Логиката се состои во тоа од колективот Влада односно од колективот Парламент да се идентификуваат оние индивидуи, оние персонилитети, оние луѓе кои како и вицегувернерот Неновски врз основа на два потписа направиле една конкретна сума од приближно, да кажеме, еден милион германски марки.

Ако еден вицегувернер со име и презиме задолжен за тоа да спречува финансиски махинации фигурира како актер, како учесник, како продуцент на спектакуларен финансиски скандал, тогаш е логично четирите министри за кои зборува јавно г-динот Андов, исто така да се именуваат. Тие ќе се именуваат тогаш кога едно овластено лице кое се вика јавен обвинител  врз основа на доволни и на непобитни докази ќе дојде до четирите имиња на четворица министри од владиниот кабинет, кои ги искористиле своите јавни функции за креација на личен капитал. Не верувам дека друг човек може компетентно да го стори тоа затоа што никој друг, освен јавниот обвинител нема механизам, со кој би можел да го стори токму тоа што се бара.

По ист начин ќе се именуваат сите оние луѓе од владиниот кабинет на кои со еден негативен прст покажа г-дин Љупчо Георгиевски како учесници во аферата ТАТ кога со својот позитивен прст покажа дека само тројца луѓе се чисти, чесни и честити по .однос на една финансиска мега афера, а кои се викаат Бранко Црвенковски, Владо Попов- ски и Слободан Умковски.

Исто така ќе се именуваат и луѓе од Парламентот, барем оние кои потпишаа изјави со кои ги суспендираа своите права на тајност на личните влогови , или пак на влоговите од нивното потесно семејство.

Ете, тоа з точката на која постои полна согласност меѓу првиот човек на Македонската Влада и првите луѓе на парламентарната односно вонпарламентарната опозиција. Таа точка подразбира идентификација на персонална одговорност, а не активирање на механизмот колективна одговорност, кој како што ни е познато водеше и секогаш води кон тоа за конкретно дело да одговараат сите, што значи да не одговара никој. Впрочем, општопознато е дека може и мора да се одговара за сторено дело, затоа што секој човек конкретно го прави

а не за тоа што некој човек просто е. Постои, меѓутоа, една точка по која не се согласуваат премиерот и опозицијата, било формална, било неформална. Премиерот е директен и категоричен во својата намера да се конкретизира и да се персонализира одговорноста за една конкретна или конкретни финансиски афери од широки размери. Тој е директен и категоричен да се идентификуваат такви персоналитети како во Владата, така во Парламентот, судот, финансиската или естаблишмент елитата. Таква директност и таква категоричност не гледам во предлозите на опозицијата да се распушти Владата, односно да се самораспушти Парламентот.

Г-дин Стојан Андов кажа дека тоа треба да се направи веднаш. Потребно е, кажа тој, да се направи техничка Влада, за што Владата е таа која во соработка со Парламентот направила криминал, а пак оној кој самиот е криминалец не би можел самиот себеси да си стави лисица на раце и да му се испорача на тацна на јавниот обвинител.

Г-дин Љупчо Георгиевски го кажа истото со една квантитативна и условна финеса. Тој им даде рок на Владата и на Парламентот да ги поапсат криминалците и во нивните редови, затоа што таму и само таму било леглото на криминалците, а пак надвор од тоа легло шетале или шетаат и демонстрираат само невини јагненца. Снижувањето на директноста ублажувањето на категоричноста е за мене начин да се шверцува на местото од конкретна, персонална одговорност и институционална, колективна одговорност, која не значи друго, како што истакна веќе повеќепати ами амнестирање или ублажување на одговорноста на конкретни лица за конкретни криминални дела до степен на карикатура. Не знам дали тоа свесно или спонтано го прави, било формалната, било неформалната опозиција. Не знам, исто така, дали и таа има некои крупни мотиви токму тоа да го прави. Веќе, според една проста логика која не подучува сите, кога некој почнува да брка лисица, постојат големи изгледи да избрка мечка. Знам само дека ако се

прифати тоа што смислено или спонтано го бара опозицијата како техничка или чиновничка Влада значи генерализација, социјализација, колективизација, а не персонализација на институтот одговорност. Знам дека една демократија дека секоја демократија ја има личноста за свој центар со права но и со одговорности. Бидејќи добро го знам тоа, можам да барам, можам да поддржам, можам да верувам во личности кои бараат одговорност за конкретни личности и за конкретни дела.

Токму тоа го бара премиерот за неговиот кабинет и јас му давам токму поради тоа и токму заради тоа полна поддршка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Не знам дали ова е чиста случајност, јас секогаш дискутирам после г-динот Вангелов. Веќе пет пати ми се случува ова. Добро, јас немам намера да се впуштам во формално права природа на овој правен институт односно најмалку да се впуштам во уставно правна природа на овој институт, или да теоретизирам од тој аспект, туку ќе се обидам со неколку реченици да се придржувам кон прагматичниот аспект односно реалните и ефективните последици од можната употреба на таков институт ако воопшто има такви реални и ефективни последици, земајќи ги околностите и односите тука во Парламентот. Но, добро е, лекциите се тука, односно демократските лекции се тука и ние сме тука да ги учиме, а за тоа ќе ни биде потребно доста време.

Што е целта на овој институт? Целта на овој институт е да се провери дали оваа Влада има поддршка од мнозинството граѓани на РМ. По што објективно сите граѓани не можат да учествуваат и не може да се врши никаков тест дали реално граѓаните како мнозинство му даваат поддршка на Владата, тука е парламентарниот систем и парламентарците за кои се претпоставува дека се чесни и дека реално ги

претставуваат интересите на граѓаните, иако и тука може да се стави знак прашалник и така преку овој механизам ќе се утврди дали оваа Влада ја има поддршката на граѓаните, како мнозинство. Ние сите се сеќаваме пред една година, или една ипол година кога еден висок функционер од Министерството за внатрешни работи јавно кажа дека во Македонија има организиран криминал и тогаш од него се барало јавно да ги изнесе фактите и доказите во врска со тој криминал и тоа заврши со тоа, ни тој претставник се изјасни понатаму, ниту беше можеби во можност да се изјасни или немаше можност да дојде до тие релевантни факти.

Но, иако тоа тврдоглаво се негираше од страна на Владата само неколку месеци подоцна од највисокото ниво на Владата беше исто така јавно кажано дека, меѓутоа, сепак постои своевиден криминал во институциите на власта во РМ- Како резултат на тоа се водеше медиумска кампања дека сме одлучни дефинитивно да расчистиме со тој криминал и веројатно ќе го искорениме тој криминал. И таков впечаток се доби во јавноста и такво убедување, исто така, беше присутно во јавноста. Но, се испостави дека тоа е сепак своевидна фасада и сето тоа личи на она хумористичкото дека крадците се меѓу нас а и ние сме меѓу крадците, така што фактички сега повторно сме тука пак да расправаме за истата тема и за истата судбина.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ: (**продолжение)

Сега значи повторно сме тука да расправаме за криминалитетот, кој е сега во вид на, како што рече самиот премиер на оваа говорница, во вид на октопод, меѓутоа не е јасно дали тој октопод е во власта, дали тој делува или дејствува паралелно со Власта, или врши притисок со власта или е самиот себе си паравласт. Било како да е тоа е тука и ние сме исто така тука. Ова покажува дека сеуште кај на во РМ не е изградена елементарна култура за одговорноста. Сеуште не е изградена елементарна политика за одговорност и тоа било да се работи за политичка, кривична, материјална или морално одговорно. Кај нас сеуште одговорноста односно поимот одговорност се сваќа ад кок. Се сваќа инцидетално, се сваќа кампански, еуфорично, се сфаќа репресивно и делува како одмазда. Можеби некогаш селективно наместо оваа појава да делува трајно, константно, перманентно итн. Сега се бара од овој Парламент поддршка. Таа поддршка се вика доверба на Владата. Мое убедување е дека таа доверба е од чиста формална причина што се знае дека довербата е тука со оглед на бројот на пратениците кои се за поддршка на Владата и ние сеуште немаме таков степен на политичка култура кога и пратеници кои и припаѓаат на партијата позиција според личното убедување и поаѓајќи од интересите на граѓаните би гласале против довербата, односно би гласале за недоверба на Владата. Но, тоа го немаме и така сега да бидеме искрени можеме да констатираме дека ова е гол маркетинг и не може да се третира ништо повеќе. Ова се прави за амортизирање на притисокот од страна на граѓаните поради повеќе економски состојби, социјални состојби, манипулации и злоупотреба. Значи, ова се прави за амортизирање на незадоволствата кои се многу

присутни во јавноста и кај граѓаните. Сигурен сум дека сепак без оглед на севкупните состојби граѓаните сепак се спремни и понатаму да го сносат поголемиот дел од товарот. Тие се свесни дека ова транзиција треба да се надмине. Цехот мора да се плати, меѓутоа тие бараат од нас минимална искреност. Значи тие бараат искреност кај нас дали сме ние реални во настојувањата за искоренување на криминалните дејствија било во сопствените редови,за криминалните дејствија во власта итн.

Ако разговарате со било кого, секој со кој зборувате ќе ви каже дека секоја услуга од страна на власта си ја има сопствената цена. Ние не мораме' да веруваме во сето тоа, меѓутоа ф:акт е дека таквото расположение постои. Самиот факт дека пости такво расположение, тоа значи нешто. Бројни подзаконски акти ги уредуваат односите , дури важни односи наместо тоа да се регулира со Закон и со стриктни критериуми . Особено загрижува фактот што поголем број од односите се уредува со таканаречени дискрециони акти кај кои има премалку јавност, кај кој скоро нема критериуми на одлучување, туку се одлучува според таканареченото убедување на органот, а често органот се убедува ако ние го убедуваме на балкански начин.

Јас сум за тоа на оваа Влада да и се даде уште една шанса. Говорот на премиерот ме убедува дека тоа е искрен и беше убедлив, па треба да му дадеме шанса и да видиме што ќе произлезе од сето тоа. Затоа и како пратеничка група ние предложивме еден заклучок кој гласи во рок условно ако се добие доверба, а веројатно ќе се добие, во рок од 100 дена Владата да излезе пред пратениците и јавноста со комплетен извештај за криминалните дејствија било во шеврата на пирамидалните штедилници, било во сферата на дејност на одговорност на органите на

Управата и другите институции. Деловнички тоа изгледа не е возможно од причина кога се изгласа доверба или недоверба на Владата се изгласува само тоа, меѓутоа мислам дека претседателот ќе изнајде можност, макар како џентлменска согласност така што сепак да имаме некои заклучок дека во предложениот рок ќе имаме комплетен извештај на Владата. Поинаку сметам дека ние немаме никакво морално право никако министри, ни како пратеници да седиме во фотељи или во овие клупи и треба да го предадеме мандатот. Тоа мислам дека ќе беше најчесно не само во однос со граѓаните, туку едноставно и пред сопствената совест.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани I мала партија, краток говор..

При последната реконструкција премиерот во своето обраќање до Парламентот констатира дека можеби требаше оваа реконструкција порано да се случи. Сега јас констатирам и ова барање за доверба на Владата требаше порано да се случи, но го поврзувам последното обраќање на премиерот бидејќи довербата ја бара по конкретен случај - ТАТ и учесници. Учесници во вид на октопод претставен по хикс и ипсилум оска, односно вертикала и хоризонтала. Довербата се бара да во покасна фаза, по спроведувањето на истражната и судската постапка следи расчистување со уривачите на системот, со рушачите на дедовскиот и прадедовскиот сон за сопствена и самостојна држава. Во таа смисла ќе ја потенцирам досегашната поддршка од страна на Социлдемократската партија за работата на премиерот и Владата, но не во сите нејзини ресори.

VIII/4.-

Социјалдемократската партија има полна доверба во искрените заложби и намери на премиерот околу сузбивањето на криминалитетот искажан преку последните појави во штедилниците односно пирамидалното штедење. Поддршка се дава за најавената макроекономска политика за 1997 година заради носење на законите од стопанскиот систем, Законот за денационализацијата, нов закон за царини, Закон за стечај и ликвидација и за корекција на некои од постојните закони. Заради сериозноста на таа програма ќе одвојам два сегменти за кои во моментот мислам дека се најактуелни, а тоа е заживувањето на општествениот производ и производството и создавање на услови за нивен траен пораст и

Втор сегмент, Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието.

Социјалдемократската партија на премиерот му дава поддршка затоа што минатата година успеа и најголемите скептици да ги разубеди во неговата политичка долговечност а особено по делумното распаѓање на Сојузот за Македонија, за да во меѓувреме прегрми и обид за атентат врз Претседателот на Државата Киро Глигоров, односно посегнувањето во државноста на РМ. Му се дава бланко поддршка односно доверба затоа што некои сегашната состојба мислат дека е потешка од онаа во 1992 година, и за неможноста да премиер ја сфатат храброста кога ја прифати должноста премиер, а пред себе имаше само магла а не држава со сонце, наспроти опозиционите лидери кои во тоа време од премиерската функција, а ја имаа во свои раце, побегнаа како надуени балони. Се разлетаа балоните по светлоста на денот кога Државата застана на здрави нозе и си велат сега е времето што преку иницијативата за предвремени избори, што преку митинзи и последната понуда за техничка влада. И самиот сум техничар но инструментите,

помагалата, технички прибор што ги користев при работата до 1992 година веќе не ги користам затоа што истите се надвор од употреба, бидејќи излезе нешто ново - електроника. Затоа се сомневам во техничка влада да не ни го понуди priborот од 1992 година.

Уште еднаш ќе потенцирам дека Социјал демократската партија му дава безрезервна поддршка во работата и за зацртаните програмски определби.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги,

Некој рекол коцките се фрлени, друг рекол "на муци се познај.у јунаци". За жал во оваа наша држава многу малку имаме јунаци.

Малку е невообичаено сопствена влада пред сопствено мнозинство да бара доверба. Но не малку, многу е невообичаено и би рекол ретка појава во земји кои ги потценуваат, потресуваат вакви финансиски скандали кои можат да и нанесат сериозни последици на целата Држава во сите сфери на живеење и делување. Затоа го сметам за сосема оправдано поставувањето на прашањето за довербата. Како висок чин на одговорност со цел и пратениците да застанат. зад оваа спремност и одговорност на премиерот за истерување на работите до крај и на чистина.

Многу ретко е кога еден премиер или Влада волку отворено, храбро се впушта во таа битка со висока цена на ризик со однапред јасна цел.

Прво, нечистите работи од аферите на маса.

Второ, учесниците на маса,

Трето, соучесниците на маса и

Четврто, виновниците доколку ги има на суд.

Но, се прашувам или ве прашувам дали некој треба да се зафати со овие работи. Одговорот е кој ако не Владата, кога ако не после сево ова.

Резултат мора да има. Цената на одговорноста треба да ја платат, прво оние кои непосредно се замешани;

Второ, и другите кои излегле непосредна корист.

За денес е поставено прашање или барањето - дајте ни можност, доверба за:

Прво, да го обелодениме,

Второ, го расчистиме,

Трето, го осудиме

се она што некој, криминалот го наметна овој скандал да ги видиме виновниците од кои и да било кои редови. Прашањето за доверба за мене е прашање за земање на целосна одговорност да се справиме со расчистување на ваквите појави.

Овој пат довербата е за јасно одредена тема и цел -ТАТ за која никој од нас однапред не знае до каде ќе ги одведе, но сметам дека ќе бидат пресечени во корен појавите од овој тип.

Би бил неискрен пред себе и пред бирачите да оваа таканаречена понуда за водење на битката да не кренам рака за давање можност, верба за нејзино расчистување.

VIII/7.-

Пред себе би бил и нечесен, и пред бирачите бидејќи нивниот глас се слушна на улица, во домот,на работа, на состанок. Повикот, или паролата едногласно е: "Стоп за криминалот и нечесните работи". И опозицијата го почувствува тоа. Прав момент е и за неа, односно во нејзините редови да ги прочисти, да не речам да ги разобличи носителите на ваквите појави од причина што криминалот нема партиска боја ни црвена, ни плава, ни жолта.

Неколку збора и за причините кои не доведоа до овој чин на гласање за гласање на Владата.

Тоа е така. Едноставно може да се каже дека тука Законот за банки и штедилници на Законот му е скршена кичмата. Со гласот "за" треба да ја скршиме кичмата на носителите на тој криминал. Во оваа држава постојат можеби и други татчиња, но во секој случај отом-потом . Во ниеден момент со кревањето на рака за доверба не му давам амнестија на никого, ни на сопствената власт, ни на сопствените редови. Ако би бил инволвирани во оваа работа, валкана со крајна цел, нечесно профитирање и безобѕирно богатење. Коцката, реков е фрлена. Треба да се оди до крај, целта нема да изостане. Народот покасно или порано е тој што ќе процени дали сме биле во право или не.

Сакам да кажам уште неколку збора. Оваа партија никогаш не избегала од одговорноста. Тоа не го сторила ни 1992 година, ни 1996, па ни сега. Со тоа што тогаш беа одредени проблеми, пота дојдоа други, да не ги спомнувам, сите ги знаеме, сега се сосема трети - криминалот, утре утаја на даноци, сива економија итн. Ако народот ни дал доверба, дал доверба на пртениците, а преку нас на министрите и премиерот, тогаш немаме морална одговорност да избегаме од проблемите и од овој Парламент. СДСМ тоа не го прави ни сега, ни по цена да потоне во сопствената одговорност.

VIII/8.-

**ЌЕНАН КАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Јас ќе се обидам да бидам краток од три причини.

Во принцип не обожавам долги дискусии, второ што во текот на минатата недела за актуелните состојби во земјата беше на широко елаборирано низ двете маратонски парламентарни дебати и во иста- пот на претседателот на Државата и на премиерот во два наврата и трето, што ставот по ова прашање на Демократската партија на турците беше изнесен на Прес-конференцијата и презентиран во средствата за јавно информирање. Меѓутоа сепак со неколку реченици ќе се осврнам на излагањето на премиерот, г-динот Бранко Црвенковски

Мислам дека се работеше за премногу сериозен истап дека ситуацијата во тие моменти одговараше на актуелниот политички момент во земјата и сублимирано во неколку збора тој истап содржеше една констатација, неколку преземени обврски и едно барање.

Констатација дека во овој момент во РМ постои организиран криминал од пошироки размери кој како октопод прети да навлезе во сите пори на општествениот живот и дека е потребно да се превземаат сите мерки и дејанија, не палијативни, туку длабок рез како со хируршки нож за да се спречат истите.

Неколку преземени обврски.

Прво, дека Владата ќе ги преземе сите законски обврски да ги открие и идентифицира носителите на ваков организиран криминал во земјата без оглед дали се работи за институција или

поединец и без оглед на тоа на кое ниво се наога во хиерархијата на земјата.

Второ, дека веднаш пред јавноста и пред овој Парламент ќе ги обелодени носителите на вакви криминогени дејанија и дека ќе ги изнесе формите и начините на обесштетување на оштетените граѓани.

Трето, веднаш после тоа ќе седне да разговара со сите релевантни политички субјекти за идниот комплет на изборни закони и за датумот на одржувањето на новите избори.

Веднаш после тоа уследија реакции на дел од опозиционите партии. Додека едни тоа наполно го прифатија, други тврдеа дека повторно се работи за празни ветувања дека се работи за купување на време, дека. се вршат обиди да се избегне одговорноста и да се избегнат вонредните избори.

Демократската партија на турците анализирајќи го говорот го изнесе својот став дека констатацијата на премиерот е точна дека преземените обврски се прецизни и јасни и дека за доследно извршувале на истите потребно е пред овој Парламент да побара доверба

Од страна на Демократската партија на турците г-дине премиере, без оглед што не е присутен овде, почитувана Владо, таа доверба ја имате, извршете ги преземените обврски, во спротивно не вие, друг ќе ви го купи времето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи имаме уште неколкумина пријавени пратеници за дискусија, предлагам да одиме на пауза.

Предлагам пауза до 17,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 18,15 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор г-дин Николов

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, за жал и двајца министри од Владата, потегот што го повлече премиерот, еден храбар потег за расчистување на криминалот, кој што деновиве ја потресе целата јавност во нашата држава не само со пирамидалното штедење во штедилниците за кои овде доста се зборуваше, но пошироко за се она што ни се случува во последно време во делот на многу криминални дејанија, во кои што сигурно не се инволвирани само дел од претставниците на Владата, институциите. на системот, пратениците, но и пошироко многу поголем број на луѓе кои не се ни политички ангажирани, а секако и дел во опозиционите и позиционите партии.

Должен сум да пренесам одредени мислења на граѓаните за овој храбар потег го повлече премиерот на Владата заради тоа што тоа значи еден огромен ризик за се она што го ветив пред широката македонска јавност за еден цврст став во откривањето и сузбивањето на криминалот. Сигурно, за да се постигне еден ваков ефект и да се обесштетат граѓаните кои штедеа во штедилниците со пирамидално штедење не сее оштетени само овие граѓани. Јас мислам дека има и поголем број граѓани оштетени во зависност од видот на криминалитетот кој што постои. Сигурно дека оштетени се и оние граѓани кои денес одредените газ ди на приватните претпријатија кои ги примаат работниците како наемни работници за кои не плаќаат придонесе односно не им ги осигуруваат нивните придонеси за инвалидско пензиско осигурување. Оштетени се исто така сите граѓани, ако дел од претпријатијата, дали се

тоа приватни или други, со прикривањето на даноците, прикривањето на вишокот на доходот и на неплаќањето на одредени придонеси поширок круг на луѓе се оштетени, заради тоа што прво не можат да се обезбедат ни одредени минимални потребштини кои се финансираат преку буџетот на државата, тоа што е оштетена и државата и буџетот, тоа значи дека не можат да им се разрешат одредени социјални проблеми кои во ова време на транзиција и те како им се потребни. Оштетени се исто така и граѓаните кои преку буџетот на државата, заради тоа што истиот заради вакви махинации не може да биде потполнет, на кои им треба и превентивна здравствена заштита што е обврска на државата на тоа мислам.

После сето ова што го направи како потег премиерот на државата треба да се стават во функција сите институции во државата, да се проверат, сите во својот домен во извршувањето на своите обврски од една страна, а и да ги сузбијат ,ако има такви, криминални дејанија и во нивните средини, затоа што тие се најповикани тоа да го прават. Исто така треба и другите институции на системот, никого да не поштедиме. Ние мораме еднаш за секогаш да расчистиме преку одредените одговорности на сите инволвирани луѓе, независно каде се наоѓаат и на која функција се наоѓаат, да бидат откриени, нормално ако има такви дејанија, да си ја заслужат соодветната награда.

Сигурно, денес не можеме да зборуваме за имиња и многу е тешко да зборуваш за имиња, затоа што немаме адекватни податоци кој колку, каде е инволвиран во криминалот. Но таква можност се нуди, таква можност се дава и таа треба да се искористи.

Токму во овој дел граѓаните мислат дека потегот на премиерот е храбар. Ја даваат комплетно поддршката на премиерот, но се надеваме дека и ние пратениците, овде во парламентот, давајќи ја поддршката за опстојување на оваа Владаа, наша ќе биде одговорноста, на контрола на извршната власт како законодавна власт во извршувањето на обврските

IX/3.-

што си ги зеде премиерот со Владата. Мислам само така во една композиција, во една спона на сите субјекти можеме, сигурно не до крај, но да почнеме во расчистувањето на сите овие криминални дејанија, не во интерес на поединци, не во интерес на партии, во интерес на државата. затоа што државата ќе биде поставена во позиција на опстојување, затоа што знаеме што значи еден упат во финансискиот систем и рушење комплетно на финансискиот систем и се она што значи непослушност во обврските на граѓаните спрема државата, односно спрема буџетот. Тоа значи комплетно запоставување на сите потребштини во државата, а преку државата и граѓаните.

Се надевам дека премиерот има доблест, има сили, има снага, ако има и поддршка тоа да го направи. Ќе ни биде мило, не мене лично, мислам и на сите граѓани на оваа држава, еднаш за секогаш, да ставиме крај, на ова што се случува и сигурно ако не овој состав на парламентот, може еден друг парламент да зборува за функционирањето на државата, функционирањето на сите системи на државата без вакви аномалии и девалвации на државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, на Собранието, почитувани потпретседатели на Собранието на Република Македонија, почитувани министри на Владата, почитувани дами и г-да пратеници, повод за расправа на денешната седница на Собранието на Република Македонија е довербата на Владата на Република Македонија за што барање поднесе премиерот на Владата на РМ г-дин Бранко Црвенковски.

Повод за ваков храбар чекор на премиерот е пресметката со криминалот воопшто, во одделни штедилници, како и други собрани проблеми и од други сфери поради затајување и нефункционирање на

одделни механизми на државата. Проблеми има доста и од различна природа кои се не само политички, економски, социјални, образовни, меѓунационални, туку и во поглед на безбедноста за државата. Сите овие проблеми заедно или поединечно се товар за решавање во Собранието, Владата и на сите механизми на системот што во Република Македонија постои

Чекорот што го презема претседателот на Владата е смел чекор и воедно треба сите напредни сили да се вклучат во борбата против криминалот, целиот систем треба да е на таа страна, за да се истрае до конечни позитивни резултати. Ќе жалам, доколку неговиот потег ќе се девалвира и тоа од ред криминогена мрежа која ќе направи се само да дојде до хаос и со тоа да се покријат трагите на ова тешко и многу тешко дело би рекол, за банкарскиот систем и реформите што Владата ги зафаќа.

Ќе гласам за доверба на Владата поради обврските што ги зеде врз себе премиерот Бранко Црвенковски и неговите министри, граѓаните на Република Македонија, особено штедачите да не бидат понижени и да не бидат измамени. Поради тоа налага со сета сериозност од надлежните органи и институции да се разгледа и до крај да се исчистат огромните последици не само по ограбените штедачи туку да се има предвид монетарниот систем во државата и да не дојдат во прашање реформите на системот што оваа Владата на Република Македонија ги започна.

Сите замешани во оваа афера ќе треба да одговараат без пардон до еден, како што беше впрочем и дискусијата на премиерот Бранко Црвенковски. Никој не смее да се ослободи од санкција, меѓутоа сметам дека вина имаат и самите штедачи кои требало да знаат каде да ги вложуваат своите пари, бидејќи никаде во светот парите не се множат со геометриска прогресија. На таква геометриска прогресија наивно поверуваат и некои граѓани од соседна земја. Зошто нема закон кој

IX/4.-

секако ги штити наивните граѓани. Владата ќе треба да одговори само ако нејзините механизми не функционирале, особено надзорните служби, исто така, одговорност не може да сноси Владата како целина поради одредени криминалци, поради одредени фалсификатори и ограбувачи, што секако и настанаа овие афери. Пред таквите луѓе никаде не паднаа владите, иако од нив секаде во светот пропаѓаа и банки и штедилници и берзи на вредносни хартии и друго.

Надлежните институции на Владата, особено надзорната, требаше навреме да ги информира граѓаните за сите злоупотреби и ризици што на некои одреден начин биле најавени. Доколку било навреме предупредувањето на гувернерот на Народната банка на Македонија, дадени во дневните информативни гласила "Дневник" и "Нова Македонија", тоа по мене би бил доволен сигнал за состојбите во штедилниците и сериозноста на проблемот воопшто.

Владата на Република Македонија, на чие чело стои премиерот Бранко Црвенковски, доколку се чисти, а јас се надевам дека се чисти, тогаш од својата позиција и уставните овластувања што ги имаат, има шанса да ја расчисти до крај аферата во одделни штедилници. Ова е единствениот потег и чесен начин за да се зацврсти довербата во јавноста. Се друго, доколку се потврди поинаку, Владата на Република Македонија ништо не може да ја спаси од падот, дури и тоа за многу кратко време.

За овој проблем, кој е многу сериозен, налага многу работи да се направат со сета сериозност, за да не се дојде до анархична состојба. Некои може би дежураат, станаа и радари, само да им се пружи една единствена таква шанса, па да го направат она што го наумиле. Надлежните органи и институции на државата се должни тоа да го осветлат, да го направат крајно објективно и да не паднат, односно да подлегнат на некоја неочекувана политичка одлука, што може да биде погубна не само за монетарниот систем, туку и за реформите што на

Македонија допрва и престојат. Доколку пирамидата не застана на своја основа, тогаш ни претстои опасноста таа сите нас да не вовлече внатре.

Денес, давајќи доверба на Владата, чувствувам потреба при тоа едновремено да укажам и да се осврнам и на прашањата од високото образование. По овој повод јас ќе се осврнам на проблемот на високото образование воопшто, не заради тоа што другите проблеми и прашања се помалку значајни или за нив треба да се расправа, туку заради тоа што денес не можам не само јас туку и другите дискутанти да расправаат за се и на крај да не успееме да изградиме став по ниту едно прашање. За Владата на Република Македонија образованието воопшто, а посебно образованието на мајчин јазик за албанците е проблем, кој диктира многу параметри во демократскиот развој, меѓусебна слога македонци-албанци, како и лојалноста спрема државата Република Македонија.

Затоа, и не е случајно што се дискутира како жешка тема на било кои нивоа, било да се владини или невладини институции, па и по овој повод, тоа предизвика жива заинтересираност кај албанците. А тие кои се ангажираат за правото на образование на мајчин јазик на сите нивоа, не ретко од македонската структура се прогласени како тие да го политизираат образованието, парафразирајќи го со предрасудите од номенклатурата на поранешниот систем. Оваа ментална структура со вакво мислење за жал освен дел на универзитетски интелектуалци македоцни, уште поакцентирано е и кај дел водечки државни структури. Ова сознание ме задолжува прво да се сомневам во опциите на нивната поли- тика или станува збор за некаков наследен багаж од поранешниот систем, кој беше софистициран и од кој тие не можат да се ослободат за тоа што само на таков начин тие ја изразуваат нивната екстра вредност, доминирајќи над една национална заедница, албанска во еден извесен број на тие кои зборуваат и пишуваат на албански јазик.

IX/7.-

Во оваа наша определба очекуваме нашнете сограѓани македонци, пратениците на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и сите прогресивни сили да ја поддржуваат со нивна помош, со целокупен нивен политички, интелектуален и материјален потенцијал, тоа е нашата идеја за високото образование. Оваа помош е и во нивна полза, затоа што ќе имаат образувани сограѓани албанци кои заеднички ќе го даваат придонесот за демократски развој на Републичка Македонија и ќе ја забрзаат интеграцијата во Европската унија и во другите напредни институции.

Воедно се залагаме и за унапредување на сите три универзитетски центри што ги има Република Македонија. Па поради тоа, високото образование е дел од животот., еден од најголемите современи и идни човечки животни реалности и затоа на Владата и претстои голема обврска, универзитетските центри, Скопје, Битола и Тетово да ги престрои пред барањата и условите на времето, да ги следи и артикулира да ги напредува отворените настојувања, додека тие да ја афирмираат новата економска логика на општеството со својата економска реформа и модернизација да се реорганизираат во духот на универзитетската автономија, да ја преземат одговорноста на своите сложени и тешки научни и високообразовни задачи, да ги бараат отворено, организирано, заеднички своите права, но и да ги исполнуваат своите должности без тоа некој посебно од нив да го бара.

Од многу причини, јас гледам дека овој проблем е во интерес не само на Република Македонија и нејзините граѓани туку и од поширок интерес на регионот. Должност е на Собранието на Република Македонија, на Владата на Република Македонија и сите други напреди сили да се залагаат тетовскиот универзитет да влезе во единствениот систем на образование, да се подготви и да се донесе закон со кој ќе се овозможи неговото легализирање како реална потреба од образување на кадри.

IX/8.-

Со тоа ќе се фаворизираат параметрите на високото образование во Македонија, за формирање на стандарди кои приближно би биле исти и кои бисе разликувале само во однос на јазикот на одржувањето на наставата.

Дами и господо пратеници, веќе сите сме убедени дека не држи тезата за албанците во натамошното ниво на школување, по завршување на основното и средното образование, комплетно да се интегрира на македонски јазик.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Затоа што се разликуваат односите помеѓу малото мнозинство и големо малцинство со последици кои имплицираат тенденции во националниот идентитет. Развојот на рамноправни односи меѓу двата етитета или народи, во сите сфери на животот почитување на правата на едните и на другите се клучниот фактор за мирот и безбедноста, не само во РМ, туку и за регионот воопшто. Било каков друг модел за нас е узурпирање на туѓи права, на други етитети и може да биде причина за нови гетоизирања на овој дел од Балканот и за нови недоразбирања и конфликти.

**РАМИ ТУДА:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Ова е втор пат што последните две седници ние дискутираме а немаме пред себе никаков материјал. На претпоследната седница беше случајот со унапредувањето на меѓуетничките односи и сега имаме исто така еден проблем за кој што исто така немаме никаков материјал. Овде слушнавме и дискусии кои што имаат многу пати вака и есеистички карактер, и таков приод на проблемите по мое мислење не е добар начин и добар пат за решавање на проблемите, затоа што постоечките проблеми даваат конкретна заложба и конкретни мерки.

Сегашната наша ситуација по мое мислење, бара едно прагматично пријдување и конкретни мерки. Ние за жал чекаме народот да излезе на улица, за да после бараме излез од ситуацијата во која што сме доведени. Пред се, Владата, па и овој Парламент по мое мислење се одговорни за создадената кризна ситуација. За сето тоа не може да се

окривува невиниот народ и граѓаните на РМ. Ситуацијата не е создадена сама од себе, за еден час, туку во текот на неколку години. Сите ние што сме овде, виновни сме. Оваа ситуација е плод на фактот што ние не успеавме да создадеме основа за функционирање на правната држава за која постојано се повикуваме. Бидејќи од актуелната Влада не можеме да очекуваме да ги решава кризната состојба на граѓаните на РМ, исто така од оваа Влада да очекуваме решавање на фундаменталните интереси на албанците во РМ. Затоа нашата парламентарна група после исцрпувањето на дискусиите ќе биде принудена да ја напушти салата со намера што не сака да биде одговорна за тоа што може евентуално да се случи.

Ние расправавме пред неколку дена за два битни .проблема. Прво, за унапредување на меѓуетничките односи во духот на толеранцијата дијалогот, заемното почитување и доверба.

Второ, за феноменот криминал. овој Парламент усвои и Декларација за унапредувањето на меѓуетничките односи. Декларацијата никого не го обврзува конкретно што ќе се преземе за унапредување на тие односи. И како таква таа ќе остане, како еден перфиден текст, како у крас на Парламентот.

Друго прашање по однос на измамите и криминалот. Граѓаните го бараат изгубеното. Граѓаните ги бараат своите пари. Тие не веруваат на убавите говори и на убавите дискусии. Тие очекуваат да им се вратат ограбените пари. Прашувам, кој ќе го прави тоа. Како, кога, од кои извори на средства ќе им се надокнади изгубеното. Или како ќе се ублажи несреќата на нашите граѓани.

И на крајот, на кој начин ќе се врати изгубениот авторитет на органите на владата на РМ. Јас ќе бев среќен пред вас почитувани

колеги кога би имал некој некоја програма од Владата, односно од премиерот и да видиме на кој начин премиерот, односно Владата ќе го решава овој проблем. По однос на ова прашање јас сум скептичен дека ќе најдеме некој излез од оваа ситуација во која се наоѓаме. Кога би имал некој материјал, некоја платформа, некоја програма каде ќе видам на кој начин мисли премиерот и оваа Влада да ги решава овие проблеми, јас потполно би бил согласен со тоа и јас би гласал за оваа Влада.

Благодарам.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани господа министри.

До пред месец дена бев среќен што имав барем размислување и сознание дека организираниот криминал во РМ не ги зазема тие размери каде што ги зазема во соседните земји, Албанија и Бугарија. Меѓутоа, на општо разочарување многу брзо се испостави дека и организираниот криминал и во Македонија зазел многу широки размери, како што овде премиерот овде рече октопод каде што не знаеме до каде се стигнати неговите пипци. Пред 3 години еден висок функционер на МВР тогаш јавно проговори и кажа дека во Македонија има организира криминал и наместо по мое мислење тој човек и Министерството цело да се охрабри и да се поддржат во борбата против криминалот, тогаш нему му беше дадено во наводници разумен термин за да го докаже тоа свое тврдење и се разбира дека тој за тоа време не успеа за тој многу краток во наводници разумен термин беше сменет и на некој начин деградиран. Меѓутоа, доколку тоа се случеше, можеби криминалот денеска не ќе имаше толку широки размери.

X/4

Во декември 1995 година кога овде во Парламентот го разгледувавме Буџетот за 1996 година јас тогаш реков по повод проблемите што ги имавме со собирање на даноците, тогаш беше таква констатацијата, не можеше државата да ги собере даноците, реков дека сите државни инспектори кои што одат во фирмите го контролираат само оној дел од документацијата која постои како легална документација. Се разбира, дека таа документација е секогаш во најдобра состојба и инспекторите многу ретко и многу тешко доаѓаат до сознание дека има некакви злоупотреби. Јас реков тогаш дека надвор од таа документација струи многу стока која што не е ставена, за која не се плаќа даноци. Еве, пред некој ден слушнав дека инспекторите на Министерството пронашле во еден магацин на еден многу успешен стопанственик стока в'о вредност од милион марки која што нема соодветна документација. Значи прашање е како таа стока стигнала тука и на кој начин. Многу долго се зборуваше аз јавните набавки во Владата и минатата година војната донесе една уредба со која се ставија набавките во една рамка и еве веќе во најголем дел си дојдоа работите на свое место и барем во глобала не можеме да слушнеме дека постои било какво оговараше дека нешто не е во ред со јавните набавки. Пред мене еден говорник кажа дека секоја услуга од Владата има цена, исто може да се слушне дека кредитите кои стигаат од странство исто така за да стигнат до одреден корисник имаат своја цена. Мислам дека исто така Владата треба да донесе соодветна уредба и точно да се пропише како се делат кредитите за да нема сомнеж едноставно. Можеби претпоставувам дека нема злоупотреба, меѓутоа има едно озборување.

Ние имавме голем шверц на цигари. Тоа сигурно го знаевме, го гледавме и едноставно не можевме да се справиме. Меѓутоа, со еден закон со бандеролите, со фришоповите и н. продажбата на цигари е

сведена скоро на минимум во нормални рамки. Сеуште може да се видат деца на Бит пазар, меѓутоа, ако тоа го споредиме со претходното тоа е само сега малку занемарливо. Порано имавме проблеми со дозволите за увоз кога постоеја, меѓутоа, штом понатаму дозволите се укинаа и тој проблем не постои.

Ова сето го зборувам од причина да укажам дека со системски решенија треба да се бориме овде и како Парламент и Владата заедно со нас, со системски решенија да ги поставиме така работите да нема поле и можност за злоупотреби. Еве, сега имаме одредено сознание за работата на штедилниците. Па сега Владата нека оцени во ова време што го има дали штедилниците во Македонија е погребно да останат и понатаму како што се сега. Или треба да не постојат, или треба да постојат меѓутоа, се некои доизменети услови. Да не дозволиме да има нови можности са злоупотреби, односно како што рече колегата Туда да ги заштитиме наивните луѓе, наивните штедачи, затоа што сме и ние повикани за тоа и Владата.

Мислам дека добро постапи и Владата и Парламентот што сета вина не ја свали исклучиво на НБ, иако одговорноста на НБ е јасна, меѓутоа, ќе беше грешка по мене ако само таа одговорност е на НБ. Премиерот многу храбро постапи најави потези кои што очекуваме и се надеваме дека тој ќе ги исполни и ќе излезе во јавноста со сите информации за сите инволвирани лица во овие нечесни работи. Потоа, очекувам од Владата да предложи конкретни решенија и мерки за обесштетување на штедачите, а и промена на некои свои уредби во Владата, или на некој законски решенија кој што ние ги имаме донесено, нивна корекција, за да едноставно системски се бориме против криминалот. И конечно очекувам после тоа премиерот да излезе со свои предлог за реконструкција на Владата во која што ќе вклучи способни и докажани стопанственици, затоа долгот спрема стопанството ни стои

уште, тоа сеуште е во една апатија, во една анемија и должност ми е да ги прегнеме сите сили понатаму за заживување на. стопанството, за да може да се отворат нови работни места и едноставно да тргне напред.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, пред да излезам на говорница јас се предмислив дали се исплаќа да се изнесе пред говорница и да се каже некој збор, имајќи ги предвид сите околности, имајќи ја предвид структурата на пратениците, имајќи ги предвид условите кога ние дискутираме имајќи предвид други околности што се движат околу нас. Меѓутоа, однапред се знае дека ние како опозициона партија и претходниот. пат и сега ни се децидни и јасни нашите залагања и во тој поглед мислам дека. не е нешто што не може однапред да се знае. Меѓутоа, се зачудувам од еден факт, имајќи предвид тоа сите овие конфузни излагања почнувајќи од премиерот, почнувајќи од одредени министри и пратеници во поглед на тоа што во конкретниов случај се бара. Јас имам предвид само еден факт дека Владата на РМ зошто уште еднаш го бара гласот на пратениците, кога сите знаеме дека и во досегашниот тек тоа го имала. Зошто сега повторно еден политички маркетинг еден нов блеф за да се укаже дека ете уште еднаш ние бараме од пратениците, од најкомпетентните го бараме гласот за да можеме да делуваме натаму и да продолжиме со работа. Јас сум убеден дека гласовите и порано ги имала оваа Влада и сега како што се условите и како што се знае повторно ќе ги има и не е толку проблем дали денеска ние разговараме, дали нешто ќе предложиме, дали нешто ќе има алтернатива од тоа што предложиме и премиерот или од одредени пратеници, но вина во овој поглед јас не

гледам. Ако некој во конкретниов случај има нешто конкретно, што можеме вака да подискутираме, јас не знам дали сме свесни што правиме конкретно на денешнава седница од кога што сме се собрале. Меѓутоа, тргнувајќи од еден факт дека Владата уште еднаш понатаму треба поцврсто и посериозно да ги насочи работите, се прави она што денеска ние разговараме и дискутираме.

Дозволете ми да кажам уште два три збора, бидејќи како пратеници од опозиција сме биле и во претходниот случај кога беше 35-та седница, колку што јас се сеќавам, имавме вака еден предлог. Ние не можеме да и дадеме доверба на една Влада, која Влада секогаш од позиција на едно национално чувство ги решава сите проблеми досега.

**ЗЕКИР КАДРИУ: (**Продолжение)

За тоа , господа пратеници дали имаме факти или немаме ќе докаже времето, а и Вие сте свесни дека така е и понатаму не е проблем, без оглед дали оваа Влада уште 90 дена или уште колку ќе трае векот ќе има на расположение време, мислам дека ќе најде модуси, модели, начини да се извлече од оваа ситуација и нормално, да се покаже пред јавноста дека таа е чиста, дека таа е невина, дека таа не носи никаква одговорност. Во суштина одговорноста испадна конкретно на таа Влада и конкретно на нас како пратеници.

Зошто го велам ова? Имајќи предвид многу факти, јас никогаш не можам да го заборавам случајот кој ете веќе и Вие го знаете, мислам дека оваа Влада има еден траен век од 5 години наваму, само се менуваат по некои .од владините министри, а скоро се исти. Како можеме ние, конкретно како албанци да ја огласиме оваа Влада кога сите сме сведоци дека пред 2 години имаше пролевање крв во Мала Речица. Пред една година имаше десетина луѓе кои беа хапсени, кога и ден денеска оваа Влада инсистира во една форма, така да кажам, не со конкретни предлози, не со конкретни закони, не со конкретни превентиви, тука сведоци дека на претпоследната седница донесовме една декларација, сосема формална декларација, ко бајаги од денеска натаму ќе се грижиме, ќе се заинтересираме и ќе ги решиме сите тие наталожени проблеми во поглед на меѓунационалните односи. Па, дали сме свесни дека јавноста сите овие случаи ги следи и ги гледа на телевизија и секој потез што ние сакаме да го повлечеме го има на видело. Единствено ние, се извинувам на израз, делуваме некако демагошки , се однесуваме на таков начин што во суштина сакаме да ја убедиме и јавноста, а некои сакаме и меѓу нас сами со себе да се убедуваме дека имаме право, дека треба така и натаму да настапиме, дека вака ќе ги решиме проблемите' понатаму.

XI/2.-

Конкретните наши предлози што и на двете последни седници па и денеска можеби би биле сосема некоректни уште еднаш да ги повториме тие веќе се знаат, тие веќе се неколку пати барани, тие веќе неколку пати како пратеници инсистиравме и инсистираме на некој начин да го донесеме, всушност да докажеме дека на површина треба да доаѓаат луѓе што навистина замислуваат јасно, конкретно за ред проблеми што се на меѓу национален план и за ред други обврски што ги има оваа Влада и ние како пратеници што сме тука.

Во поглед на работата на ова Собрание мислам дека е претерано денеска нешто да кажам. Но, Владата како Влада, ние би биле среќни ако таа, без оглед што ќе го добие гласот на мнозинството денеска, понатаму продолжува со оваков тренд на работа, веројатно пак ќе дојдеме во слична ваква ситуација што ќе не доведе да продискутираме и уште еднаш цврсто констатираме дека работите треба поинаку да и тераме. Да го применуваме нашиот став .и да го применуваме нашето однесување кон граѓаните, без оглед, сега директно се работи и директно се чепка во џебот на одделни граѓани кои, на пример, се инволвирани во оваа штедилница "ТАТ", а позади нив, сигурно, бидејќи така и премиерот најави дека има многу, многу сериозни работи што ќе се откријат. Зар ние, ако 2-3-4 или 5 луѓе ги обвиниме треба да констатираме дека ете надминуваме еден проблем што нема да ни се повтори. Тука треба детално да навлеземе во суштината не само на овој проблем туку и на ред други проблеми што , нормално, сите ги знаеме, за кои што сите сме сведоци.

Јас понатаму нема да продолжам. Веројатно нашиот координатор на пратеничката група го изнесе ставот на нашата пратеничка група и ние ќе бидеме среќни ако оваа Влада без проблеми ги надмине овие работи.

XI/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине рпетседателе, почитувани пратеници,

денеска е поставено прашањето на доверба од страна на самата Влада и, иако по Уставот прашањето на доверба е генерално и не подразбира доверба за дел од политиката на Владата, сепак јас мислам дека е добро да го прифатиме предлогот на Владата на премиерот да се расправа во суштина само за оној дел за кој Владата фактички побара доверба, иако за такво прашање не мора да се поставува, убеден сум, институтот доверба на Владата, ако може да се постави во својство на поддршка од страна на Собранието за еден вид политика од страна на Владата.

Се разбира дека е фер да се каже дека барањето на доверба од страна на Владата овој пат не подразбира и ризик за самата Влада поради околностите во кои е поставено и начинот на кој е поставена самата доверба.

Јас, подготвувајќи се внимателно за оваа седница го гледав експозето на премиерот на Владата во моментот кога се вршеше избор на оваа Влада пред 2 години и таму ќе забележите во експозето дека се задржува на осум точки што ќе бидат центар на политичкото дејствување на оваа Влада во мандатот. Една од овие осум точки е борбата против сивата економија и криминалот. Што значи дека Парламентот еднаш изгласал доверба на Владата за таква програма и затоа мислам дека можеби е излишно да се бара доверба за нешто за што Парламентот веќе гласал за таква политичка програма. Меѓутоа, мислам дека не е ниту опортуно Владата да побара поддршка, па макар и како доверба пред Собранието за еден дел од нејзината програма.

XI/4.-

Инаку, јас се надевам дека ако сега зборувам за Владата во суперлатив, дека е таа најдобрата во Македонија што може да се состави дека та дава најдобри резултати, дека нема подобра Влада од оваа, дека под нејзино управување многу среќно живееме во државата, дека сме воодушевени од Владата и дека во таа насока треба да ја подржиме, се надевам дека ниту министрите, ниту Вие почитувани пратеници нема да ми верувате во тоа дека е така. Односно, говорејќи од другата страна на медалот треба да кажеме дека иако Владата на еден еуфоричен начин побара доверба за своето работење од ова Собрание, сепак, Владата е оптоварена со бројни проблеми во нејзиното работење, особено со резултатите со аутпутот од нејзиното работење.

Јас веќе ќе се преповторам ако кажам дека Владата. кога бара доверба од Парламентот од пратениците во вакви услови се сведува на техничко прашање. Меѓутоа, Владата треба да биде свесна и премиерот треба да биде свесен дека довербата ниту ќе ја добие ниту ќе ја изгуби во овој Парламент. Таа не се добива и не се дава, таа се стекнува.

А, ако сакам искрено да го искажам своето мислење, мислам дека ќе го кажам мислењето и на еден поголем број пратеници и од мојата и од другите пратенички групи, мислам дека треба,Владата го дели тоа мислење, дека довербата нејзина во РМ е нарушена. Можеби не до таа мера за парламентот или мнозинството во парламентот да почне да размислува како да се излезе од таа ситуација на радикален начин, меѓутоа, ќе се сложите дека расправајќи за доверба на Владата треба да констатираме дека од моментот од нејзиното формирање 1994, почетокот на 1995 година па до дека дел од таа доверба е нарушена. Од многу околности, а дел и заради самата Влада. Односно, тоа што го

кажав со резултатите, па некогаш со одлучноста, некогаш со неодлучноста во нејзината работа. Мислам дека е тоа токму причината зошто премиерот ја постави довербата, чувствувајќи длабоко самиот дека можеби таа нарушена доверба треба да ја обнови пред парламентот на формален начин.

Причината заради која се бара расправа за довербата на Владата е јасна и дури, ако го земеме излагањето на премиерот по желба на Владата како материјал за расправа по повод довербата, јас многу искрено можам да кажам дека тоа е многу ненавремено барање. Иако веднаш после тоа ќе потенцирам дека за такво бараше никогаш не е доцна. Значи, за борбата против криминалот или, како што премиерот кажа "криминогената состојба во државата " или ако сакате в;ако што исто така тој кажа за постоење на индиции на организиран криминал во државата и. сега. не е доцна. Затоа што еднаш мора да се почне. со таа работа. Иако сум убеден и тоа малку ме загрижува дека таквиот потег сега веќе слободно можам да кажам не е заради постоење на желба од страна на оние кои го иницираат овој проблем во парламентот, па дури мислам дека не се провејува ниту како определба туку едноставно овој пат прозвучи како изнудена желба во парламентот.

Тоа ќе беше, по мое длабоко убедување желба или определба на Владата доколку се поставеше многу порано, иако не е доцна. Сепак мислам дека треба да кажам дека овој пат барањето за давање на поддршка за борба против дејствување на криминалните дејствија во државата и расчистување со тие појави, колку што е во доменот на Владата, е изнудено. Едноставно, овој пат Владата, ако веќе расправаме за Владата е ставена -пред ѕид од каде што нема друг избор. Или ќе се соочи со тој проблем на жесток начин или ќе биде самата егзекутирана од тој проблем.

XI/6.-

Иако се наоѓаме во таква ситуација, сепак мислам дека треба да се подржи ориентацијата на Владата за исполнување на нејзината, ветена пред овој парламент програмска точка 8 од експозето за борба против сивата економија и криминалот во РМ. Дури, мислам дека е добро што после 2-3 години многу гласови и укажувања изречени овде, изречени на седниците и на пратеничките групи на состаноците на партијата или во другите партии, кои добиваат тенденција на "глас во празно" овој пат добија верификација на највисоко ниво, дека е тоа проблем од кој Владата не може да се повлекува, да го избегнува,д а го одложува или едноставно да го прикрива, туку проблем со кој мора да се соочи. За жал, овој пат изнудено. И за жал, парламентот мислам дека треба изнудено да даде сериозна поддршка на таквата борба, повторно ќе кажам дека не е доцна.

Иако ќе кажам дека од сега натаму, токму заради ваквото мое видување за настаните кои претходат за барањето за доверба, многу колегијално и многу искрено и мислам многу продуктивно ќе дадам една забелешка дека од сега натаму по овој проблем поддршката од парламентот кон Владата ќе биде се попретпазлива. Таа веќе не може да е бланко. Мислам дека не може ниту да е еуфорична, како што беше досега. Од сега таа станува претпазлива.

Ние, на неколку наврати даваме поддршка за реконструкција, даваме поддршка за програми, даваме поддршка за проекти што се нудат по итна постапка од денес за денес со, навистина, една бланко доверба. Ќе ја дадеме веројатно и денеска, меѓутоа сакам отворено да кажам дека таа доверба станува и поддршка се попретпазлива. Таа веќе не е бланко. Веќе вербалната владина прокламација за некои свои програмски определби мора да доживее материјализација. Односно мора да даде резултати и во таа смисла нашата подршка овој пат

станува попретпазлива, во смисла дека евентуалното не давање резултати не може да го пролонгира ваквиот однос на парламентот и на владата во бескрај, во уставни рамки бескрај значи крајот на мандатот.

Едноставно се случува, гледано од аспект на еден парламентарец кој седи 4 години во овие клупи, довербата што ја дава на извршните органи да биде доверба на тимови кои, за несреќа наша, доаѓаат и си одат пречесто, а со тоа станува една константа. Мислам дека е тоа премиерот во извршната власт. Со самиот таков начин на работа, премиерот како константа станува се постабилна фигура во Владата, меѓутоа овој пат., особено после оваквото излагање и после најавите што претходеа во рамките на ваквото излагање и далеку поодговорна не само пред себе, како што беше кажано, пред Парламентот и пред државата. Значи, таквото барање на доверба во неколку наврати ја прави функцијата на премиерот .многу поодговорна отколку што досега бевме навикнати да ја гледаме.

Значи, на многу пати, многу одврзани раце, многу бланко доверба за да едноставно се доведеме во ситуација да мораме да почнеме да размислуваме во кои рамки тоа ќе се движи. Или, за да сум многу појасен, исто како што премиерот од оваа говорница повика дека не сака да стане заложник на тимот кој самиот го создаде и на резултатите од работењето на тој тим, јас исто така кажувам дека ниту ние пратениците не сакаме да станеме заложници на политиката на Владата и премиерот.

И, подржувајќи ја определбата на Владата заради што бара поддршка од Парламентот, по малку сум и загрижен за судбината на апелот на премиерот, на премиерот кој елаборирајќи што се подразбира

под тоа, имам страхување дека отворајќи ги сите врати на проблемот со кој се соочува во процесот на отворање на сите врати има опасност објективно да се изродуваат нови проблеми за кои што дел од нас веројатно и не сме свесни или ги насетуваме. Значи во текот на оваа веќе очигледно некаква политичка кампања во Македонија, притисната од она што се случува, може да не затекнуваат нови и нови афери што едноставно ќе станувaат се поголем и поголем отпор на се што Владата има намера да преземе.

Така што, дури јас би го дефинирал нагалвачки октоподот што беше овде спомнат на неколку наврати и мислам дека апсолутно не е точно дека октоподот "ТАТ" има пипци што не знаеме каде завршуваат. Мислам дека веќе можеме да разговараме за еден октопод чија една пипка е "ТАТ". И, одејќи не по вертикала од "ТАТ" надолу, туку. 6д ,ГТАТ" нагоре може да стигнеме до еден друг' октопод чиј централен простор или централно тело е во простори кои што никој од нас не ги посакува, длабоко завлезен во институциите на нашиот систем и во органите на нашата држава.

Инаку, говорот на премиерот од кој произлезе и денешната расправа, не својствено за г-динот Црвенковски полн со емоции, со еуфорија, па дури и мислам со благи закани, треба секој од нас да го исчистиме и разгледаме како субстракт на пораките и да го отфрлиме тоа што веројатно беше еден занес во говорот, кој може да не оддалечи од главниот проблем. А, тоа е дека се дадени многу ветувања кои се тешки и кои се огромни и затоа, денеска, барајќи доверба од овој Парламент за остварување на тие ветувања, делуваат уште по одговорно отколку што без тие ветувања би прозвучела прокламацијата за борба против криминогената ситуација, го користам терминот официјал о од говорот на премиерот. Затоа што тие барања со ваквата

доверба  и со поддршката што евентуално начин ја туркаат Владата пред проблемите, туку да ги решава на конструктивен начин.

Се надевам искрено и би бил многу среќен кога Владата...

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

.... Би имала многу поголем оптимизам од ова што јас го кажав во однос на обврските што ги презема и за кои, исто така, бара од нас денеска доверба во врска со проблемите за кои се расправаше.

Таа опција за решавање на проблемите исто така заслужува реафирмација, заслужува голема поддршка од нас. Меѓутоа, истовремено сакам да кажам особено за премиерот кој ја стави својата доверба, дефакто, пред нас, посочувајќи повеќе неговата отколку владината во дел од говорот дека понатаму ќе мора таквиот развој на настаните да го сфати како опомена кон својата осаменост во одлучувањето и преземањето на константен повеќегодишен ризик со начинот на одлучување во рамки на Владата и во рамки на државните органи преку механизмите на политичките партии во Република Македонија.

Таквата доверба, доколку се продолжи \со такви методи на осаменост во одлучувањето станува уште поголема обврска за оние кои ја побараа денеска довербата од нас. Сметам дека нашето изјаснување, на крајот, по барањето на Владата за доверба треба, покрај другото, да се движи и во рамките на овие мои размислувања.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално г-динот Вангелов**.**

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Јас сега се наоѓам во една сосема нова ситуација која морам да ја објаснам. Оваа ситуација почна така што настапи прв г-динот Стојан Андов кој изнесе став од Либералната партија и тој кажа каков е ставот на Либералната партија во однос на тоа што се нуди како дневен ред на оваа седница.

Ако добро се сеќавам тој главно зборуваше за тоа каков е ставот на неговата партија.

Потоа, ако добро се сеќавам, настапи шефот на Пратеничката група на СДС тоа е господинот Љубомир Поповски, тој го изнесе, во неколку црти ставот на СДС, меѓутоа, потоа продолжи на тој начин што изнесуваше многу лични мислења, на што сигурно има право, бидејќи човекот нема потреба два пати да се јавува по иста точка од дневниот ред.

Ако се сеќавам добро и г-динот Блаже Филиповски исто така изнесе став на Социјалистичката партија, а потоа и г-дин Сали Рамадани изнесе став на ПДПА. Ми се чини дека тој се држи до нивниот став. Сега дојдовме во една ситуација ми се чини на крајот кога г-дин Никола Поповски кој седи до мене и кого особено го ценам на неколку пати изнесе став на целокупниот Парламент, што мене длабоко ме изненади. Сакам да кажам дека никогаш не сум го овластил и нема да го овластам да. говори во мое име затоа што јас имам микрофон и секогаш можам да го соопштам својот став. Со други зборови, го молам г-дин Никола Поповски никогаш да не говори во име на целиот Парламент.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

Јас во моето излагање ќе бидам доста пократок и се надевам дека ќе бидам јасен во врска со поставената тема денеска на дневен ред на седницата.

XII/3.-

Би почнал од синтагмата која ја вовел политичкиот теоретичар Шмит кога поаѓал од фактот дека во сите периоди на човечката историја, па чак и во периодот на најмодерната технологија постои групирање на луѓето на политички партии, на пријатели, непријатели, целокупната ваква историја одбележана со асиметрични политички единства на делување која содржи силни набои на спротивности.

Оттука, одбележувајќи ги политичките партии како групи кои меѓусебно остро се исклучуваат и кои секоја за себе го поставуваат барањето на сопствената вистина, а почнувајќи од ваквата вистина која ја поставува опозицијата, сакам да кажам неколку мои видувања.

Поаѓајќи од фактот дека опозицијата во Република Македонија ја критикуваше СДС и Владата на СДС дека направи повреди во сите домени на правниот поредок на земјата и дека поради непочитувањето на Уставот и законите кои ги твори овој Парламент дојдовме во таа ситуација во која треба денеска Парламентот да расправа.

Поаѓајќи од тој факт и констатирајќи дека опозицијата тврди дека СДС својот легитимитет, политичка моќ ја материјализирал во извршна власт, а преку тоа би ја ефектуирал преку правниот поредок својата програма и својата политичка моќ заборава дека во Република Македонија како опозиција не успеал да произведе ни едно дејствие кое ќе може во правниот поредок да се ефектуира преку тоа признавајќи дека сам себе се укинува како правен субјект во правниот поредок на Републиката, па оттука ваквите квалификации и давањето на иницијативите дека непочитувањето на правниот поредок без борбата во институциите на системот и без постоењето на таков правен субјективитет, таквите политички оценки мислам дека водат кон нешто друго, а тоа е политичкото судење, арбитражното судење кое надвор од правниот систем на земјата кое може да ја сруши правната држава и сите закони кои ги имаме во Републиката.

Оттука, поаѓајќи од тој факт би сакал да кажам неколку збора во врска со функционирањето на правниот систем во земјата, а исто и на состојбата во која се наоѓаме.

Поаѓајќи од фактот дека согласно нашиот Устав и позитивните закони ние создадовме поредок, заедница на апстрактни субјекти државјани и дека согласно членот 9 од Уставот на Република Македонија сите граѓани се еднакви пред Уставот и законите и почесто повикувањето дека само СДС ги прави повредите, мислам дека согласно на тие одредби граѓанинот како апстрактен субјект, како државјанин не постои пречка да никој во Република Македонија не биде казнет за она дело за кое го сторил, па оттука политичкото судење и арбитражното судење, а тоа е судење некој да биде прогласен за виновен, а кој не направил дело, ќе стои, доколку во Република Македонија не се почитува строго формалната процедура утврдена со Уставот и законите од една страна, надлежноста на институциите кои треба да ја утврдуваат материјалната вистина и примената на материјалното право во Републиката и дефакто функционирањето на системот и правната држава во Република Македонија.

Кога станува збор за појавата на организиран криминал, кога се зборува за појавата на колективното пљачкање во штедилниците, можеме слободно да истакнеме дека тука во суштина станува збор за функционирањето на власта.

Кога се зборува за функционирањето на власта клучно прашање е за целисходноста на доктрината на правниот систем кој ние како Парламент го твориме, од една страна признатоста на субјектите кои учествуваат во правниот промет, правилноста и рационалноста на политичките процеси, консеквентноста на институциите кои делуваат создадени со правниот систем на Република Македонија.

Оттука, кога дискутираме за самиот факт на функционирањето на власта треба почесто да го поставуваме прашањето, бидејќи овој Парламент ги создаде позитивните законски прописи, го донесе Законот за Народна банка на Република Македонија, Законот за штедилниците и банките, па кога дискутираме за функционирањето ан самата власт ние почесто треба да проговориме за регулативниот капацитет на законските проекти, за флексибилноста на решенијата кои се дадени во законите кои ги донесовме ние и на крај правната сигурност на граѓаните која ние, во суштина, ја обезбедивме со донесувањето на тие законски проекти.

Оттука, од логиката на примената на тие законски прописи треба да проговориме дали власта погрешно функционирала од една страна и дали власта ја има злоупотребено својата функција.

Оттука во Република Македонија ниту од .Народна банка на Републиката, ниту од Владата не слушнавме за тие аспекти на законските проекти да каже Парламентот, да ја исполни својата функција кога согласно членот 6'8 алинеја 16 и 17 во врска со членот 72, а подоцна со членот 92 и 93 од Уставот на Република Македонија да ја цени одговорноста на Владата и на Народна банка на Република Македонија дали во Републиката стои дека власта погрешно функционирала или власта била злоупотребена во дадениот случај.

Но, треба да се каже дека согласно на раширеноста на појавата која се случува, овој Парламент треба да расправа и за законските решенија кои сам ги има донесено, бидејќи, поаѓајќи од фактот дека ние во тие регули ги прифативме сите институционални општества на модерното општество од една страна, а од друга страна демократската практика и во биномот на заедничкиот судар на тие два елементи со нашата традиционална практика, со нашата култура и нашето сознание

за тој општествено правен систем дали во дадениот момент не настана и таков проблем кој денеска ние, во суштина, го имаме.

За самата доверба која ја побара премиерот можам да истакнам дека во суштина станува збор за доверба која ги променува преференциите од една страна, го фокусира своето внимание на одреден проблем до крај да профункционира правната држава и да се открие вистинската состојба и вистинските сторители на тие инкриминирани состојби за да во Република Македонија не само Владата, туку целокупниот правен систем почнувајќи од Јавното обвинителство, судовите да се донесат вистински правни одлуки и да профункционира правната држава.

Оттука, премиерот не ја ограничува и автономијата на другите институции да функционираат во правниот поредок. Не е прифатливо проблемот кој го поставува опозицијата кога вели дека ние не ја менуваме преференцијата и сакаме пред. Парламентот да, зборуваме за сите дејствија кои се случуваат во Републиката која во суштина ја ограничува автономијата на институциите во задавањето на проблемите кои таа преку функционирањето на законите треба да си ја исполни својата функција.

Оттука, јас го сметам барањето на премиерот дека не е манипулација, туку е само мотивација на сите креативни сили во Република Македонија да се впуштат во исполнувањето на своите законски обврски во утврдувањето на вистинската состојба во Републиката и во изрекувањето на соодветни казни.

Ви благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам пауза од 30 минути да се одморат граѓаните од нас и да го погледаат телевизискиот дневник.

Имаме уште четворица пријавени пратеници за дискусија.

(Пауза од 19,30 часот)

XIII/1 ПЈ/ЛБ

(по паузата седницата продолжи со работа во 20,35 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Мирко Лазаревски.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, зборовите во народната песна Црна се чума зададе посветени на нашиот познат револуционер Гоце Делчев во преносна смисла може да се однесуваат и на нашиот млад премиер, кој не помалку храбро се нафати да ја расчисти современата чума во нашата држава, сега веќе независна самостојна демократска Република Македонија.

Бидејќи мојата пратеничка група јасно се изјасни и доследно ги изнесе причините заради кои ќе даде доверба на премиерот и на Владата, јас лично сметам, а тоа беше од повеќе пратеници нагласено. дека таа доверба каква ја бара самиот пример треба да се изгласа и тоа од повеќе причини. Со  поддршката на Парламентот да му се помогне на премиерот да го изврши ветеното за криминалот, кој прети да ја уништи земјата. Расчистувањето на напластените девијантни стопански и нестопански појави и криминали во размери кои ги означи и самиот премиер г-динот Бранко Црвенковски во вид на октопод кој со својата разгранетост сериозно прети да го уништи ткивото на нашата земја.

Од психолошка и хумана гледна точка, бидејќи премиерот тоа го стори храбро, искрено и достоинствено, не штедејќи никого кој на било кој начин нелегален начин е замешан во оваа афера. Тоа го правам и заради граѓаните кои со големо внимание и олеснување го примија излагањето на премиерот и најголем дел од нив му даваат целосна поддршка да истрае до крај на својата акција, без оглед на силните отпори во текот на целосното расчистување на оваа тешка афера. Дури и оние кои се сомневаа и со скептицизам гледаат и не му веруваат,

треба да му дадат поддршка токму заради проверката на своето однапред изразено сомневање, ако и тие не се вмешани во оваа афера. Хируршкиот зафат треба да биде радикален и заедно со малигното ткиво ќе треба да се отстрани дел од здравото како не би останала ниту една малигна клетка, која подоцна може да се расее низ организмот и даде метастази, кои што како сите знаете веќе не се лекуваат и во догледно време фатално завршуваат за тој организам.

Желба ми е операцијата на овој малигном кај кого не се засега откриени метастази да биде успешно изведена и без надворешни експерти, а времето ќе покаже колку операцијата била целисходна и трајна. Јас .целосно ја поддржувам оваа многу болна операција, бидејќи неизмерно ја сакам оваа млада, убава Република Македонија и сакам таа^да се спаси и да живее долго за сите нас и поколенијата што доаѓаат, која ќе ја -негуваат и живеат во неа и за неа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Силјановски.

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ; :**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги пратеници, иако во светот на парламентарната демократија прашањето врзано за доверба на Владата е вообичаена жешка тема, мислам дека денеска нам работата ни е олеснета. Едноставно по вкупната релаксација во државава, сакаме ние да признаеме или не, и овде атмосферава конечно е под знакот на надежта. Јас би додал н со нагласена верба дека ова е пат што води кон натамошно усовршување на вкупните демократски процеси во РМ и кон она што не прави квалитетно поинакви од нашето опкружување , па дури и пошироко од тоа.

XIII/3

Причина за ваквото гледање е секако творечката атмосфера на двете изминати седници на Парламентот особено на последната и зошто да не се рече двете обраќања на претседателот на државава и на премиерот. Кон ова треба да се додаде и неспорниот факт дека ретко кога досега сме доаѓале на седница напоени и набодрени од луѓето што не избраа да го издржиме овој' силен предизвик.

Претседателот на Владата сигурно од нас не побара доверба да ги остварува само задачите од сферата од неговата законска надлежност. Напротив, уверен сум дека довербата ќе отвори многу поширок простор во името на сите нас и во името на иднината на РМ, а решително да започне одговорна борба со криминалот и со носителите на криминалните дејствија, што постанаа закана дека може да се остваруваат како алтернатива на институциите на системот Тоа би значело збогување со сите наши неколку годишни заложби, Републикава да ја' градиме како- современа, демократска држава заснована на правото и правичноста во секој поглед. Ете зошто во Републикава побараната доверба од премиерот е сфатена како нешто кај нас и во овој момент нормално.

Поединечните инсинуирања овој потег на премиерот Црвенковски да се смести во сферата на циркузантскиот жонглерај и да се нарече како негов трик, мислам дека се израз на одделни сфаќања кај нас за демократијата воопшто и за парламентарната демократија, особено. Во овој контекст можеме слободно да се запраша- ме што всушност се крие зад барањата оваа Влада да се смени и да се формира таканаречена техничка Влада. Веруваат ли протагонистите на ваквата идеја дека на тој начин ќе добијат и технички претпоставки по сопствен терк да ја замаглат акцијата што е веќе во тек и да се покријат со ветрот во магла. Дали може на тој начин да се очекува уште една жалосна воздишка на луѓето во Македонија од  типот на она, тури му пепел и на ова. Довербата за

XIII/4

Владата е побарана од нас пратениците во Собраниево, а е веќе добиена широко од граѓаните во државава, дури надвор од нас во прогресивниот свет што со симпатии и со изрази на нескриена поддршка будно ги следи нашите напори, сите наши проблеми да ги решаваме, навистина, постапно, но решително и секогаш во институциите на системот.

Премиерот беше мошне јасен кога нагласи дека нема да го заложи сопствениот углед, ниту угледот на Владата, ниту оној на својата партија за нешто што ќе значи бегање од сферата на криминалот.

Ние пратениците со изјавите што ги потпишавме под морална политичка и под кривична одговорност ја изразивме само нашата готовност да партиципираме во неговите усилби. Сега, откако го добивме и неговото укажување дека изјавите, сепак, не биле за премиерските фиоки , туку за обвинителот и за истражниот судија, метам дека е погоден моментов и ние да се вклучиме во борбата против криминалот во државава со сите наши сили. Па, белки никој од нас не сака да си го згрози лицето со флеки на некој што е веќе флекосан. Свесен сум дека борбата против криминалот не е четиво што може да се совлада наизус. Тоа е процес што секојдневно треба да поприма траен карактер. Меѓутоа, исто така сметам дека првичните ефекти од оваа борба ќе треба многу брзо да не охрабрат. Знам, дека борбата за да биде објективна и максимално правична ќе мора да се води во институциите на системот. И токму за тоа доаѓам до неминовноста јавно да изразам стравување дека претстојните сложени задачи лесно ќе се остваруваа. Заправо, тие и не ќе можат продлабочено да се извршуваат без суштинско содејство на сите чинители на системот, почнувајќи од полицијата, инспекциските органи, посебно финансиските и после се од судските органи кои се од најголем суштинско знаење.

XIII/5

Се прашувам како ќе се докрајчи акција за расчистување на се што е нечесно врзано за случајот ТАТ , ако во ТАТ или во некоја од сличните на неа штедилници или претпријатија сеедно вложувале средства цели колективи на одделни судови или управи на полицијата и сл. Ќе работи ли еден инспектор од Министерството за внатрешни работи на случајот од ТАТ ако обвинителот упорно го отфрла барањето па се притвори некој кој многу повеќе забраздил од многуте поединечни случаи во штедилницата ТАТ. Значи, ние само привидно сме релаксирани и малку несвесни за она што допрва не чека.

Премиерот побара многу широка поддршка за негова сатисфакција јавноста му ја даде. Ние вечерва ќе му дадеме и аплауз при неговото обраќање. Но, патот по кој зачекори со досега невидена смелост и решителност ќе биде многу тежок и макотрпен. Се работи за човек кој пленува и со сопствениот творечки дух и со младоста. Но, историјата наша македонска е полна со примери дека младоста често пати сме ја жртвувале за некакви идеали, кои не- разбирливи во својата суштина секогаш останувале некој друг да ги реализира.

Еве зошто драги мои колеги повикувам до сите нас и до јавноста во РМ сите да бидеме содејствувачи во овие напори на премиерот да не дозволиме во ниту еден момент тој оваа борба да се почувствува без доволно соборци, или недајбоже осамен. Ова е пат што РМ мора да го совлада. Борбата со криминалот мора да се добие. Еден миг понастрана од ова ние конечно ќе ја немаме државава онаква каква што сакаме да ја имаме, модерна со мисла и дела свртени кон Европа, но и со можност Европа да биде кај нас. Доста ни беа хипотеките за многумина од нас, што ги создаваа оние што се до гуша заглавени во кал. Доста ни пееја

славопојки оние што плачат за работниците, а нив ги ограбија до гола кожа.

**ТИТО ПЕТОКВСКИ:**

За збор се јави г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници денеска расправаме за една точка која е доста важна, бидејќи исто така за овој проблем граѓаните се заинтересирани и ги очекуваат резултатите од оваа седница .

По предлог на премиерот г-динот Бранко Црвенковски денеска е ставена на дневен ред како единствена точка прашањето довербата на Владата на РМ. Во овој момент премиерот на Владата го користи уставното право и околу овој проблем нема што повеќе да се каже но постојат повеќе дилеми кај сите нас пратеници, па и кај нашата пратеничка група, поготово и кај еден дел на граѓаните дали премиерот во овој момент бара да ги зацврстува своите позиции или се работи за некој политички трик, но за се ова што го кажав оставам времето да ја покаже вистината и тоа за кратко време. Бидејќи ние на 59-та седница и 52-та односно 62-та седница расправавме за две точки , кои беа многу важни. Првата тема беше за меѓунационалните односи во РМ . Некои бараа да се каже меѓуетничките односи но мислам дека сеедно, главно, да се разбереме тука- меѓу себе . Оваа точка беше доста интересна но на крај заврши онака како што сите ние знаеме со усвојување на една предлог Декларација, што беше поднесена од група пратеници на СДСМ. Во содржината на таа декларација, знаеме сите, дека немаше ништо само една празна реторика и некои работи што се обврзани за секој граѓанин за секој човек било во која земја. Исто така , расправавме за стопанскиот криминал, што се појавил со штедилницата ТАТ. Овој проблем мислам дека не се појавил за 24 часа, ниту може некој да има

таква сила, ни Владата, ни Парламентот, ни било која државна институција да го расчисти за 24 часа. Не треба да очекуваме толкави резултати, бидејќи нашата јавност и нашето мнение очекува дека според ветувањето на премиерот дека проблемот до крај ќе се расчисти. Кога сме тука, да се послужам со еден пример болеста кај луѓето се појавува многу брзо, но се излекува со една долга терапија и не може за кратко време. Тука е проблемот стопанскиот криминал не се п јавил за еден месец, ниту за една година, ниту не се појавил за две, три години, но има повеќе од четири години. Исто така можам да тврдам и да кажам дека од кога постои на власт оваа Влада овој премиер , можеби не во овој состав, но со мали измени во некои ресорни министерства. Главно, премиерот од 199 2 година гука некаде од. август ја презема оваа функција и а:ферата ТАТ со сумата што е утврдена од страна на експертите некаде преку 100милиони марки повеќе, да не ја прецизирам точно сумата, но штом е повеќе од 100 милиони марки, таа не може да се организира, тој грабеж не може да се случи за кратко време и не може да го организира тој грабеж, тој скандал е економски скандал, или финансиски скандал, кој како сака да го именувам за едно кратко време. Но, овој проблем, како што реков, може за еден долг период и тука има еден ланец на луѓе кои се замешани во оваа афера. Веќе кога сме тука кога расправаме за овој стопански криминал, господа, не е само овој случај. Ние имаме други случаеви со кои досега Владата не се занимавала.

Бидејќи оваа тема е доста важна и граѓаните на РМ се заинтересирани и премиеротземал големи обврски воедно да кажам, ветувам пред овој Парламент дека проблемот ќе го расчисти до крај. Но, за резултатите е премногу рано да зборуваме, повторно кажувам дека

очекуваме иднината да ја каже вистината. Во периодот ноември, 6 ноември 1992 година ни два месеца што ја презема должноста премиерот Бранко Црвенковски полицијата односно Министерството за внатрешни работи за две кутии цигари исценирал еден скандал на Бит пазар, кој заврши со четири жртви. И сега тука имаме еден скандал. Не се работи за 3,4 кутии цигари но се работи за многу, многу високи пари, кои ќе чинат на стопанството во оваа држава.

Начинот како ќе се покрие овој грабеж, јас нез нам во математиката знам дека не може никој да фалсификува, да прави некои сметки во својот рачун. Математика си е математика и со своите бројки не дозволува никаква манипулација. Но, како ќе се надмине оваа криза и многу други работи кои се присутни, јас не знам што да кажам и ние како пратеничка група.-

XIV/1.- НД/ЉР

**ИСНИ ШАКИРИ:** (продолжение)

Дискутиравме за овој проблем, но господата што се на власт мислам дека имаат една доста сериозна задача за да го расчистат овој проблем. Јас на почетокот на седницата побарав од премиерот да се произнесе за еден проблем кој исто така е доста чувствителен за Македонија. Побарав дали премиерот планира по изгласувањето на доверба да воспостави дијалог со органите на Тетовскиот Универзитет. Ова не го кажувам, бидејќи честопати дискутираме за овој проблем. За вас можеби така да кажам, не е прифатливо, или можеби за некој од пратениците му е достапно, мислам за пратениците не албанци. Господа, ова е доста сериозен проблем и доста чувствително прашаше за оваа држава. Премиерот треба да покаже храброст, исто така и. оваа Влада заедно со пратениците во Парламентот ако инсистирате и понатаму навистина да има сожителство и почит еден кон друг јас и мојата Пратеничка прата на партијата за демократски просперитет на албнаците и Народната демократска партија проблемот во РМ за трае: мир го гледам со разрешување на овие проблеми кои се многу важни за албанците во оваа Република. Ниедна албанска партија овде не сака да прави политички маркетинг со овој проблем. Денеска моментално на Тетовскиот Универзитет студираат околу 2.500 студенти. Овие млади луѓе својата иднина ја гледаат во оваа држава, а некои од државните органи да манипулираат или да го одолговлечуваат овој проблем не е фер.

Владата како најодговорен орган, јас не мислам за овој проблем дека само Владата сноси одговорност. Носи одговорност и Парламентот бидејќи овој Парламент досега не покажа расположение, ниту степен на разбирање за да дискутира за овој проблем.

XIV/2.-

Ние баравме на 50-та седница да се стави точка на дневен ред на овој дневен Парламент, но тој предлог доби некаде само 7 гласа, да не направам некоја математичка грешка, но не е важно, знаеме дека не го доби потребното мнозинство за да се стави на дневен ред.

Јас во една смисла добив впечаток дека државните органи заедно со извршната власт, сите наши барања ги бојкотираат, ги блокираат, прават рано-разни опструкции. Како пример го имам Законот за развој на земјоделието, кој закон беше предложен од страна на Владата од Ресорниот министер, во кој закон се предвидува развој само на источниот дел на Македонија. Во тој Закон, во конкретниот случај за да не каже некој дека паушално тука се зборува бидејќи има пратеници кои по половина час зборуваат за вистината, а вистината е тука и со нас и тоа ние што го кажуваме исто така и со Законот аз државјанство. Тој Закон е усвоен во мандатот на оваа Влада, околу 100 илјади граѓани на РМ денеска се без државјанство а некаде околу 80% од оваа бројка се албанци, а најголем број се во Куманово и Скопје и другите градови на Западниот дел на РМ. Исто така, кога кажувам дека Владата на еден начин ги бојкотира целосно албанците во оваа Република вие г-до секогаш барате ние да учиме на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Никој не против тој та функционира, но ако е потребно за македонците нека се отвори уште еден Универзитет. Ние не бараме да се затвори Универзитетот во Скопје или во Битола, но досегашната практика покажува дека албанците не можат онака како што бараат сегашните услови на развојот д. се школуваат во таа бројка, бидејќи оваа година процентот беше од 10%, а ние знаеме добро дека според последниот попис на Републичкиот завод за статистика говори дека албанците се некаде 23%, а според истиот попис Македонија е некаде 3 5% од немакедонска популација, од Албанци, Турци и други. Во оваа бројна од 10% што беше предвидена, што го одобри, дали може тоа да

се оправдува зошто вака се манипулира и некој инсистира и сака да ја покажува пред нас вистината. Ние знаме што е вистината. Затоа на крај да кажам дека оваа Влада сноси голема одговорност заедно со Парламентот за многу проблеми кај албанската популација особено со Тетовскиот Универзитет. Таму учат наши деца, некои и понатаму сакаат да си играат со судбината на тие деца, но јас како пратеник сега не зборувам како обичен граѓанин, јас не би се осудил да се поигрувам со деца не само од македонска националност, но од било која националност, а вие г-до тоа го правите во овој моемнт.

Владата има потреба за поддршка за да го расчисти стопанскиот криминал. Но Владата требаше да побара поддршка и да ги расчисти овие проблеми што денес се присутни кај албанците. Требаше да побара, бидејќи немојте да сметате дека Македонија треба да биде чувана само од овие проблеми. Секое општество ако пропаѓа, историски е кажано, пропаѓа , губи од овие проблеми особено од конфликтите во националната основа.

На крај да завршам со следното, за да не излегувам повторно.

Ја користам оваа прилика да ве запознам дека Пратеничката група на партијата за Демократски просперитет на Албанците и Народната демократска партија нема да учествува во актот на изгласување на доверба на Владата од горенаведените причини.

XIV/4.-

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господа претседателе, дами и господа пратеници,

Јас само пред два дена зборував пред овој Парламент, од оваа говорница и ќе настојувам тие мои искажувања да не ги повторам. Земав збор затоа што мојата дискусија беше пред настапувањето на г-динот Бранко Црвенковски, па во врска со неговата дискусија, а и овде искажани повеќе размислувања сакам да го кажам следното.

Многумина зборуваат дека се изненадени од настапот од г-динот премиер Бранко Црвенковски. Јас мислам дека требаше да бидеме изненадени ако немаше таков настап. Таквиот настап е логичва последица од тешките состојби во кои се наоѓа оваа земја.

Прво, овде се покажа со овој  настап дека победи разумот дека победија оние снаги кои размислуваат логично, аналитички, кои се свесни за состојбите во кои се наоѓа земјата, за крупните последици кои што може да не зафатат ако не се преземат одредени мерки. Победи, така да кажам онаа снага и оние снаги кои што со голем респект и почитување се однесуваат кон сопствената земја и со голема одговорност во сопствената работа. Меѓутоа јас мислам дека и покрај настапувањето на г-динот Бранко Црвенковски каде што покажа една голема храброст, отвореност,јасност, прецизност итн. се плашам денешната расправа во голема мерка може да го девалвира неговиот настап да ја разводи неговата дискусија и поради тоа, а непотребно однесувајќи се од некои пратеници, така да кажам полтронски, лицемерно, удварачки итн., а на него воопшто тоа не му е потребно. Тој својот политички рејтинг го доби со начинот и методот на настапот. Ми се чини дека ја правиме лошата услуга и ми се чини ако вака продолжиме

практично ќе се сведеме повторно самите себе да се браниме, други да напаѓаме и состојбите да останат исти.

Голема е храброста, а тоа е и голем процес на отворање на демократијата на еден од најодговорните луѓе во државата и никој друг туку претседателот на Владата отворено пред еден таков голем аудиториум, пред целата Држава да каже дека погрешил во проценките дека во Државата постои организиран криминал. Тоа е за почит и ние тука мораме во тој поглед да гледаме навистина дека нема тука маркетиншки или било какви други настапувања, туку навистина дека човекот е свесен за состојбите и последиците од тие состојби што ќе настанат. Не може да има тука маркетинг и од причини што ако тоа не го разрешиме и не ги спречиме тие негативни токови на земјата тоа значи и крак на една политичка кариера на еден човек. Според тоа ние, дами и господа мораме да погледнеме отворено на тие проблеми отворено да зборуваме за тие проблеми и отворено да кажеме дека учесници во стварањето на тие проблеми не ги обвинуваме и другите околу нас, можеби и они имаат некој допринос, но проблемите се тука кај нас.

Друга работа на која што сакам да укажам тоа е опасноста ние да ја сведеме целата работа на пирамидалното штедење на државата и да ги бараме грешките само во таа сфера и во таа област. Тоа би било голема грешка, тоа е еден дел од организираниот криминал. Ние мораме да гледам многу пошироко и подлабоко што е зафатено целото наше општество и таа битка треба да се води на тој широк фронт, во правец на елиминирањето на сивата економија, на шверцот, на разни злоупотреби, на корупцијата, на митото, ако сакате жестока битка против црната економија, а тоа е дрогата која зазема толку големи размери да просто остава впечаток дека пости организирана сила која што ја шири, а

понатаму борбата против шверцот со оружје итн. Значи, тој фронт мора д асе рашири многу пошироко затоа што корупцијата е многу подлабока. Таа и има зафатено институциите итн.

Еден дел што недостасува кај премиерот во неговото настапување во битката да профункционира правната држава, да профункционира институциите во државата почнувајќи од Парламентот завршувајќи со судската власт која исто така е во голема агонија. Тука исто така и ние како Парламент и Владата мора да изнајдеме методи и форми и овие проблеми да се разрешуваат паралелно со разрешувањето на овие негативни токови во друштвото., Меѓутоа ако ние само дами и г-да се занимаваме со проблемот на организираниот криминал ние исто така ќе залутаме во некои тешки води и правци. Таа битка треба. да се води ама паралелно со тоа треба да се води истата за заздравување на економијата. Тој проблем е многу тежок. Според тоа јас мислам дека сега, кога премиерот ќе се обрати во 23,30 часот за овие проблеми ќе зборува, а тоа значи дека ние најпосле, морам да ви кажам дека сфатив дека се отвори една искрена надеж со ова истапување и со овој начин на истапување дека ние во сите овие правци ќе вложиме напори во земјата да почнеме да се извлекуваме од сите овие тешки состојби.

XV/1/ЛП/лј

**ЉИБИСАВ ИВАНОВ**:(продолжение)

Според тоа, по реконструираната Влада која веројатно многу брзо мора да дојде, мора да дојдат стопанственици, оперативци кои знаат што е стопанство, кои знаат како да го потполнат стопанството кои знаат како ќе ги покренат овие огромен број наши производни капаци тети, кои денес стојат, кои ќе знаат правилно да го насочат користењето на средствата и ефективно користење на средствата, кои ќе знаат и како ќе обезбедат средства а имаат и начин и метод, само треба знаење, треба согласност во тој поглед, треба единство, треба разбирање инт. Да почнат да работат фабриките во една, во две смени, во три смени, да ги вратиме работниците на работа, да почне да расте производството, не со два посто туку за онолку посто од колку што паѓаше, а тоа паѓаше по 15 по 20%. Тука треба сега битката да се бие. Не смееме ние сега енергијата да ја трошиме само во еден правец, ,'сс1мо во битката. со организиран криминал. Не треба тој да се потценува и треба да се води 6ИТЈ но сега ако залутаме само во тој правец и да ги напуштиме виталните значајни проблеми, затоа што тој проблем на стагнација, на длабоката стагнација во стопанството, тој практично може да не уништи.

Јас, уште една работа да ви кажам. Многу слушнав тука и некои оправдувања дека сето ова е како резултат на транзицијата во која што се наоѓаме. Па и некои други земји, ама беа паметни, беа во транзиција, ама не дојдоа во ваква состојба. Ние долго време за сите тешкотии во државата се правдавме со тоа што 50 0 години бевме под турците. А сега, ја напуштивме таа теза, сега велиме ова е нормално затоа што сме во транзиција. Да не бараме оправдувања таму каде што нема. Грешките се до нас, во нашата неснаодливост, во нашето неединствено во нашата грамазливост во нашата недоследност, во нашето незнаење, тука се проблемите. Ако можеме во тој поглед да постигнеме една согласност, добро е што петтата работа ќе ја кажам што ја направи премиер што се

обрати до сите партии и ги повика на дијалог, разговор, договарање. Тоа е голема работа. Затоа, многу прозвучува негативно што ние и денес целата енергија ја трошиме на напади на тие партии. И тие не се идеални, и тие не се без грешка, ама ние дајте сега да пружиме рака на соработка, да постигнеме консензус за кој јас се залагам одамна по сите овие витални државни прашања, по прашањата еве на криминалот, организираниот криминал, по прашањето на економијата, по другите прашања. А кога се седне, кога се разговара, кога ќе се изнесат сите аргументи, и минатиот пат кажав дека здравите аргументи го победуваат здравиот разум, а тој што се фатил сепак да се бави со политика, мора да има еден разум. Тогаш полека ќе се изнајдуваат и низ одредени компромисни решенија. Според тоа, мислам дека во тој правец и нашата целокупна активност како парламент да ја насочиме, да создаваме во тој поглед една клима на однесување, една клима на соработка, па ако сакате и да нема опозиција треба да ја измислиме', ако сакаме да функционира повеќепартискиот систем како тоа што светот го направил, како што ние се определивме во нашиот Устав итн.

Еве, јас мислам дека ние сме пред една голема раскрсница. Ние сме пред една голема работа. Ова е може би последниот воз кој треба да го фатиме за да ја извлечеме оваа земја од оваа тешка состојба во која сите ја доведовме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека ќе гласам за доверба на Владата на Република Македонија. Ако некој праша зошто имам повеќе одговори.

Прво, ќе гласам за доверба на Владата затоа што довербата се бара за борба против криминалот во работењето на штедилниците и

општиот криминал во нашата држава.

Второ, ќе гласам за доверба на Валтата затоа што, верувам, дека ветувањата на премиерот за враќање на штедните влогови на ограбените штедачи брзо по довербата ќе стане стварност.

Трето, ќе гласам за доверба на Владата затоа што здружението на штедачите од ТАТ во Битола во името на 10-илјади штедачи, му даде јавна поддршка на првиот човек на нашава Влада, г-динот Бранко Црвенковски, за најавената битка за решавање на штедачките маки и стопирање на криминалот.

И на крајот, ќе гласам за довербата на Владата затоа што се надевам од утре натаму ќе започне вистинска борба против јавниот и тајниот арамилак во нашата држава, против корупцијата, против мангупските и мафијашки работи во сите работни и животни средини.

На овој план клопчето на страмните работи почна да се одмотува. Зад решетки се наоѓаат многу актери на криминалните дејства- во нашата држава. Се надевам дека за довербата на Владата што Владата ја бара за борба против криминалот ќе гласаат и сите пратеници. Тие што нема да гласаат мислам дека не се за откривање и сузбивање на криминалот и арамилакот. Сакаат матните работи и натаму да бидат матни а се знае зошто, во матно се лови се, дури и власта на сметка да се жртвува и оваа држава.

Инаку, со оглед на тоа што и во денешнава расправа за доверба на Владата скоро во сите дискусии пак беше тема на денот, јас како пратеник од подрачјето каде што делуваше ТАТ не можам а да не кажам нешто за проблемите што стигнаа со ТАТ во Битола и битолските села.

Г-да пратеници, во расправата за недомаќинското работење на некои приватни штедилници, меѓу кои се најде и најголемата штедил-ница во нашата држава ТАТ од Битола, јас јавно кажав како изгледа

Битола по затворањето на оваа штедилница. Реков дека Битола и битолските села по случајот ТАТ личат на средини низ кои минала чума. Десетина илјади домаќинства се во невиден транс, не знаат кој пат да го фатат за излез од кризата во која западнаа. Тие чекаат од нас и од Владата решенија за нивните проблеми. Нив г-до, пратеници не ги интересира дали во ТАТ има или нема криминал. И едното и другото ќе го каже само судот. Таму се докажува вистината. Нив ги интересира само едно прашање: кога ќе почнат активностите со исплатата на штедните влогови за 1, 2 или три месеци.

Г-до, во Битола има штедачи на ТАТ што гладуваат. Има за жал и умирачки. Токму затоа вратите на ТАТ мора брзо да се отворат во спротивно можни се немили настани во Битола.

Инаку, и денес и во претходните собраниски расправи за штедилничките афери може да се забележи една. клима дека за маките што ги снајдоа битолчани виновни се само битолчани. Јас оваа теза не ја прифаќам и велам дека штедачките маки во Битола стигнаа од Скопје, од Народната банка на Македонија, од нејзиното недомаќинско неодговорно работење, од недомаќинската работа на тимот што вршеше контроли во ТАТ и во сите други штедилници.

Овде, г-до, во оваа Народна банка на Македонија е правена големата режија за пропаста на Битола. Битола не може сама да ги реши проблемите на штедачите и затоа Битола стрпливо ја чека државната помош. Но трпението г-до е при крај. Битола и нејзините села, г-да пратеници и министри, морам да повторам, два пати горат со вакви штедачки афери. Еднаш додека со Македонија владееше бивша Југославија и втор пат сега во самостојна Макеоднија. И во едната и во другата афера се заробени над 60 0 милиони германски марки. Кое македонско подрачје може да го поднесе овој удар? - Никое.

XV/5.-

Премиерот при своето обраќање во Собранието на Македонија меѓу другото рече, штом почне акцијата за враќање на штедните влогови, ќе се враќа само главнината без камата. Јас, г-да пратеници, не се согласувам со ваквото понудено решени. Влоговите треба да се вратат со камати. И нешто друго. Влоговите да се враќаат во марки и да стојат замрзнати додека да се одмрзнат само во марки, а не во денари. Зошто? Зошто се бара враќање на влоговите со камати? Затоа што г-до кога се штедеше во ТАТ, каматите беа исти и во сите банки. Кој има право да го скине ова право на штедачите, кои не по своја вина се најдоа во тешка и незавидна положба.

На крајот, уште еднаш ќе повторам Народната банка на Македонија брзо да ги отвори вратите на ТАТ за исплата на штедните влогови. На сметката на ТАТ сигурно има приливи од пласираните кредити. Со нив и хипотеките на ТАТ што се наоѓаат во Народната банка на Македонија во вредност од околу 5 милиони марки може да се закрпат дел од сиромашните штедачи.

Уште еднаш да истакнам, јас верувам во претседателот на Владата на Република Македонија и ќе гласам за довербата што ја бара. Со неговите ветувања, г-да пратеници, за жал Битола нема да биде ни Валона, ни надвор од целината на слободниот дел на Македонија. Тоа некој го посакуваше.

Ќе завршам со едно прашање за претседателот на Република Македонија, г-дин Тито Петковски. Колку пратеници ја потпишаа изјавата дека не се штедачи со шпекулативни камати и не учествувале во одмрзнувањето на заробените девизни штедни влогови и кога изјавите од нашите пратеници ќе се најдат пред надлежните органи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, да одговорам на прашањето. 76 пратеници што беа присутни на седницата потпишаа такви изјави, а другите што беа отсутни замолив по писмен пат им ги доставив нели изјавите со замолница што побрзо да ни ги достават, тие што се спремни да ги потпишат, па дури тогаш ке ги ставиме на располагање на надлежните органи.

XV/6.-

Има збор г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани пратеници. Денес пред нас како парламент е поставено прашањето на довербата на Владата. Мислам дека еден ваков чин треба да се цени како морален и како високо професионален чин на првиот повик на македонската влада, без оглед што овој момент доаѓа после аферите на т.н. ТАТ штедилница и другите штедилници, мислам дека еден ваков чин е за поздравување и би требало да го прифатат сите пратеници. Но за жал, и денес и на минатата седница, кога за прв пат ЕО ова Собрание се отвори едно многу битно прашање за оваа Република, тоа е прашањето на меѓунационалните односи, а денес се отвора второто битно прашање во ова општество, таа е прашањето со организираниот криминал, ние останавме со скратени раце, баш немавме можност во оваа отворена сцена, во овој парламент да ? ислушаме и други мислења, односно и алтернативните мислења токму од тие кои заговараа и бараа да се расправа за овие две прашања. После сето ова што се случи, јас добив впечаток дека сето тоа што правеше било парламентарната или вонпарламентарната опозиција е само еден евтин трик што многу брзо им пропадна. Тие за прв пат кога им се даде шанса овде отворено пред сите, пред целата македонска јавност, макар и како предизборна кампања за тоа што тие се залагаат за некои предвремени избори не ја искористија оваа можност и да излезат со своите лични програми и проекти како мислат овие две битни прашања за Македонија денес да ги решаваат. Јас искрено очекував ако веќе тие се залагаат за предвремени избори, денес да излезат и да ги промовираат макар нивните програми. И уште повеќе, кога една таква можност и отворено им даде премиерот, со тоа што рече дека веднаш

после оваа афера ќе го отвори пакетот на изборни закони, ќе го отвори дијалогот за решавање односно за одредување и датата на одржување на предвремени избори. Но, тие изгледа го да се исплашија од реалноста со која се соочија. Се исплашија од можноста навистина да има и предвремени избори, веројатно за тоа што немаат доволно аргументи, веројатно затоа што и немаат некоја програма.

Оваа Влада и овој храбар потег на премиерот, па и н а цела Влада, да се соочи јавно и да признае,што е битно,дека во оваа Република има и такви дејствија, има и такви криминалнисти кои можат да бидат и организирани и да се соочи со тој проблем,е за потценување и мислам дека е ретка, една од Владите,што признава јавно на политичка сцена за такви пропусти и недостатоци.

Потоа, јас навистина овде се чувствувам осамен и ние како единствени поддржувани на Владата како да зборуваме сами со себе, за тоа што немаме можност да слушнеме и алтернативни размислувања. А најмалку и за она што најмногу се залагаат. Прввиот атак врз оваа Влада беше поведен токму од тие многу чувствителни прашања како што се меѓунационалните односи. тие само поставија односно запалија огин но тој огин некој успеа да го локализира или најмалку да ги убеди дека тој пат и тој начин на решавање на тие проблеми не е пат кој се прифаќа од прогресивните сили и демократски ориентираните сили, кога за тој пат и тој начин на решавање на проблеми оваа Влада и овој парламент доби поддршка од сите релевантни институции во Европа и светот, тие фактички за прв пат се најдоа сами со себе. Тоа денес ние го констатираме кога на најпонижен начин ја напуштија битката, наместо тоа да им служи како една многу добра арена каде ќе се соочиме со аргумент и факти. Па затоа, ако не за други причини, токму заради овие две причини што токму оваа Влада без оглед на мотивите, за прв пат отвори два многу битни пакети, а тоа е пакетот на меѓунационалните односи и пакетот против организираниот капитал, треба да се поддржи и

да се даде шанса за понатаму да излезе со поконкретни проекти било првата точка било од оваа точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

XVI/1 РД/ПН

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Јас сум 30-от кој дискутира денеска, за една ваша информација и ќе кажам дека оваа седница е логично продолжение на претходната седница. Ние се што имавме да кажеме во однос на пат, во однос на националното штедење го искажавме на минатата седница, потоа дојде излагањето на премиерот, кој што денеска на оваа седница веќе не е ни најсреќно речено дека довербата на Владата го лоцираме само на еден или неколку проблеми. Иако најголемиот дел од нас тука се концентрираме на ова прашање, секако дека не треба како грев да се препише и дискутирање по однос на се она што ингеренции, компетенции и обврски на Владата бидејќи довербата на Влада не подразбира и еден селективен приод. За тоа јас мислам дека не треба да има ниту замерки, ниту некои дилеми.

Очигледно дека и денеска се покажува дека власта сепак е нешто што имаше опојка, што значи дрога, што повеќе ја критикувате, се повеќе станува навика, од која тешко можете да се ослободите. Дури станувате и роб на тоа, на таа филозофија и како што многумина тука рекоа дека друг некој не би можел да управува, би било трагедија или катастрофа ако сега направиме реконструкција на Владата или не дај боже ако дојде некоја друга Влада, ни се заканува катастрофа. Мислам дека со тоа на Владата не и правиме услуга, не и помогнуваме. Пријателот се познава по неговата искреност. Оној кој што ја сака државата се однесува коректно, отворено и искрено. Укажува на слабостите и проблемите за да може да се извршуваат. Се другото е контрапродуктивно иако се добијат 10.20,90 дена, утре повторно оваа Влада и овој премиер мора да се соочат со она што го ветуваат, едноставно со проблемите кој што нема

решение, освен ако не се пријде системски, ако не се пријде во анализа што ги генерираше овие состојби. јас нешто зборувам на минатата седница, овој пат ќе се обидат да дадам некои поспецифични размислувања.

Сојузот со коалиционите партнери во овој Парламент влезе со едно огромно моќно мнозинство од некаде околу 110 пратеника. Тоа беше една огромна моќ, резултат на резултати на избори вакви, онакви, во моментов не е битно. Меѓутоа, јас укажував дека таа моќ може да доведе до самобедндисаност, може да доведе до немање на чувство на она што значи одговорност, бидејќи тука не доаѓа во прашање дали ќе се изгласа доверба или не, тогаш и сега исто и постапено некако овој Парламент се одвојуваше од она што значи наше секојдневие, Владата се одвојуваше исто така имајќи тука една силна потпора која што во секој момент може да ја пружи. И тоа е добро да имаме стабилна Влада. Меѓутоа, многу работи понатаму отидоа по еден ток кој што никој не го сакаме, не го посакуваме, ако ја сакаме оваа држава.

Втор елемент кој што нормално произлезе од оваа позиција практично понатаму со текот на времето да се продуцира една доктрина еден резон дека биди со нас ако сакаш да имаш шанси. Биди близок со власта, ако сметаш на успех, биди со нас ќе можеш да добиеш и кредит и стипендија и вработување и специјализација од СОРОЗ и тн. и тн. Значи, се создаваше еден лажен сјај дека само со нас има шанси. Во спротивно нема шанси. Голем број на млади тоа и го сфатија. Дали од слабост, дали од немање други решенија си заминаа од оваа држава, стечаите и технолошкиот вишок станаа веќе навика, секојдневие, така да сето ова мораше да доведе до начини како најлесно да се живее во оваа држава, како без многу труд и пот да се постигне целта што веќе почнавме сите

наоколу битно да ја забележуваме. Богатење преку ноќ и целиот оној луксуз за кои сите овде зборуваме трет ден. И се разбира дека тоа може само таму каде што се купуваат и продаваат парите. Тоа се банки, штедилници и слични институции. Јас ќе ве потсетам. Добронамерно се разбира. Од оваа говорница кога беа прогласени менаџерите за 1995 година, ниту ги познавав, ниту ги знам, ниту ден денеска сум се видел со таа веќе многу позната госпоѓа. Укажав овде и реков дека ќе бев посреќен ако во тие добитници на таа забележлива награда во државата има повеќе стопанственици каде се произведува. И се извадив како што се пече лебот. Го реков токму вака, а не она што значи можност за некои трансакции, манипулации и тн. Веројатно дека и премиерот заборави на многу свои ветувања. Точно ги паметам имаше во неговото експозе на 20 декември 1994 година заложби за борба со сите девијантни појави, заложби за искоренување на корупцијата во државната администрација, нејзина деполитизација, брзо донесување на законот за денационализација, како едно комплетно прашање, еден комплексен закон, санација на банкарски систем и огромна надеж во капиталните објекти кои што тогаш беа голема надеж. Железницата, пругата со Бугарија, Козјак, гасоводот, и уште некои објекти. Сето ова на некој начин остануваше и до ден денеска не се ефектуирани овие објекти. При сето тоа сигурно дека беше речено максимум напори треба да се вложат во заживување на сто- панството, но инаку самите реформи ги спроведеме под минимална цена. Прекрасни заложби кои што секој од нас би ги поздравил и секој во улога на премиер не би застанал да ги спомене. Но, за жал едно е планираното, друго е животот и она што потоа ни дојде. Јас на 17 јули 1995 година, значи скоро пред 2 години, побарав

информација од Владата каде што многу од овие работи ги забележав. Почнувајќи од дрога, корупција, мито, оружје, паравоена војска, пара универзитет и не знам што. Дури и ми беше сугерирано сосема коректно од стручните служби на Владата дека тоа се премногу работи за една информација. Сосема во ред беше. Беше тоа почеток на работата на Парламентот и со едно динамизирање јас тоа го прифатив и потоа се трудев секогаш да актуализирам помалку проблеми за да можеме да ги разрешуваме. Пратеничките прашања станаа сопствен бумеранг и почнавме веќе да ги поставуваме пред 10-тина пратеници еден или ниту еден министер. Многу важна институција која што ако сериозно се сфати и практикува, придонесува многу работи тука да се обелоденат и од нив понатаму, стручни лица, служби, екипи, практично да почнат да разрешуваат одредени работи и прашања. Метеорскиот успех на пат и слични на пат кои- ги има во државата мораа да бидат господине премиере сигнал, не за вас лично, за Владата, за институциите дека нешто се случува со оваа држава и дека мора ден поскоро да се справиме со овие проблеми и прашања. Јас ќе ви кажам најискрено ако не повеќе барем за овие 3 дена некој да се огради од Соња Николовска по партиска линија и да та биде повлечена од листата на советници. Очекував како најава на жртва на еден субјект за кој што сепак ќе има одредени санкции. Нема да прејудицираме додека судот не се произнесе. Ако и за тој субјект судот не се произнесе се прашувам за кој други. Јас чува тука од мои колеги многу потресни искажувања, кој тек сега ме загрижуваат за инволвираност на цели институции, штабови да ги речам, беа посочени таму секретаријати и тн. Мојата загриженост овие денови оди до таму да практично размислувам најискрено дали е подобро ако Владата не знаела за ТАТ и сега е изненадена и затечена и ќе го разрешува проблемот или пак Владата знаела и го прикривала. Би

рекол дека ова второто повеќе ми конвенира, Владата дека треба да знае за таквите информации и такви работи, па и по цена да тактизира и да бара погодно решение. Веќе ние разговараме тука и за закон, за 2 дена, за 3 дена, за 2 месеци како да обесштетување. Мене повеќе ме загрижува ако до Владата немало информација, ако Владата навистина не знаела за ТАТ. Тогаш веќе мораме да бидеме сите загрижени дека Владата не е тој највисок извршен орган во државата. Значи, некој друг ги влече конците, што не би било во ред. Извршната власт, со исклучок на судската власт и нашава, но ние сме тука и партнери и зависни и меѓузависни, одговорност имаме. Извршната власт ја има комплетната одговорност за сите. состојби во државата. Тука нема амнестирање, тука нема правдање. премиерот не може да го оправда фактот што не би сакал да се случи но ако се случи, да има инволвирано да има луѓе, негови најблиски соработници, не ќе може да ја оправда премиерот таа работа. Зошто? Ако гувернерот не може да го оправда неговата позиција прв човек по таа аналогија и таму работата е иста. Сега се поставува прашањето зошто во едни вакви услови премиерот бара доверба типично за земји со најразвиена демократија, со голем ризик, и со голем предизвик. Предизвикот е пред се, лично како што рече и премиерот за него лично, јас го почитувам исто така, но исто предизвикот е за најмоќната партија, столбот на власта, СДСМ.

Дами и господо, ја решавате проблемот на сопствената партија, а преку вас во овој момент и судбината на Владата, па веројатно во некои склоп на многу неповолно околности и судбината на државата. Но по овој редослед, како ги наредив. Мислам дека една таква доверба ќе беше поцелисходна и поприфатлива за мене ако тоа беше тема на разговори

на отворени во склопот на сопствената партија. Се бара доверба која сигурно ќе се даде. Нема дилеми. Ја напаѓаме опозицијата. Не сакам да бидам ничиј адвокат, меѓутоа, веќе некои потези направени пред се, пред се со знаење на премиерот водат кон тоа дека дијалогот е тука. И немојте да замеруваме ако некој не гласа денеска, како што некој рекол дека тој ќе биде против криминалот. Јас ќе бидам воздржан. Сега значи јас сум за криминалот, нема смисла такви квалификации. Ние сите потпишавме изјави тука сме никој никаде не ни оди, меѓутоа, немојте престрого да се однесуваме, треба да сфатиме дека доаѓа време на рационално расудување, на дијалог. Повикот за дијалог јас го сфаќам и отворено ќе кажам есенва ние треба да имаме избори. Дали планирани или предвремени, треба да ги имаме, не порано во соработка со сите опозициони партии и веднаш да се пристапи кон дооформување на пакетот на закони кои што овозможуваат државни парламентарни избори. Тоа веќе се елементи на еден дијалог на партии кои што ја сакаат оваа држава и кои што нормално се борат за власт. Сигурно дека оваа денешна расправа, откажување на одредени манифестации решавање на одредени прашања во Уставниот суд, за два дена е расправата во Уставниот суд за Педагошкиот факултет, тоа е се веќе едно насочување во институциите на системот. Меѓутоа, ден порано јавноста мора да добие информации колку тие се конечни, макар и една информација нова, за инволвираност на некои што има одговорна функција во оваа држава, вклучувајќи не нас како пратеници, мора да биде изнесена во интерес на полесно расчистување на работите. Во експозето на премиерот не прифаќам еден дел каде што беа изнесени работи кои што прозвучуваат како Опомени, како закани итн., нема потреба мислам од такво нешто, ќе бидат ефикасни ако сега се лоцира прашањето на ова. Имаме проблем ТАТ и 4-5 други штедилници или

претпријатија кои што незаконски работеле за да потоа нормално сето она што го викаме и организиран криминал и друг криминал си дојде на дневен ред. Зафаќањето со сето тоа однапред ви велам би значело разводнување на сета акција. Немојте однапред да даваме квалификации дека некои што не е тука, или не сака да дискутира одбегнува од одговорноста и се плаши. Да почекаме, не бранам ништо само разговарам трезвено, тоа е дијалог за кој што се залага и премиерот. Дијалог е изнесување на различни мислења, алтернативи итн. Тоа е се дами и господа конструктивно, затоа што можам тоа да го кажам смеам и должен сум да го кажам бидејќи тоа го бара и лекторатот и граѓаните и народот. Не мислат сите како некои што направи едно непотребно епп да кажам најискрено Оставете анкети и сондажи. Погледајте дека народот е загрижен, доволна е таа загриженост за нас да биде. поука како треба да се работи. Ние и денеска имаме една работна атмосфера која што за среќа трае 10-ти или 9-ти ден и за нас е тоа наравоучение и едни пораки што ни ги праќаат граѓаните на оваа држава. Зошто сега не можат да дадам поддршка и зошто ќе бидам воздржан. Впрочем не треба да биде изненадуваше, јас бев воздржан и при конституирање на оваа Влада во 19 94 година од многу причини кои и тогаш ги кажав од составот на кабинетот, со луѓе кои едно зборуваат во Владата а друго во Парламентот, трето во лекторат, четврто на митинзи и тн. и тн.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Почнувајќи од она што значат нелегални барања за легализација на парадржавни институции, за кои што одредени министри велат дека никогаш нема да дозволат, а ги имаме покрај нас и овие денови се донесуваат противзаконски одлуки за истакнување на знамиња на странски држави. И, малку да се тргнам од оваа тема, Законот за територијална поделба донесен со отворено пазарење и слично и сите реперкусии после него, набрзина донесениот закон за педагошкиот факултет, а не донесениот закон за денационализација, за високо образование и уште неколку многу важни закони, се еден претежок товар, но мислам дека дел од нив мораат да бидат довезени. За мене тоа е недоволно за да можам да дадам поддршка или нешто што се вика доверба на оваа Влада.

Нешто сега подалеку што е од тука, не можам јас исто така да дадам доверба на Влада која што не се ангажира да не пропаднат 30 милиони германски марки во Ресенско бидејќи јаболката не се продадени. И тоа е компетенција и тоа е дел. Јас Ви спомнав еднаш, бев прекрасно изненаден и се чувствував многу релаксирано кога на митингот во Ресен видов симболика, прекрасна ресенска македонска јаболка во една убава вазна како симбол на тој град. Сметам дека ќе ги потсетува тие локални челници и други компетентни луѓе дека не можеме спрема тоа богатство да се однесуваме така неодредено и незаинтересирано. И уште многу, многу работи, од сето тоа што го имаме во составот на Владата, општо познато. Лично очекував некоја реконструкција во овие денови, во овој период , но и лично да Ви кажам бев оптоварен дали е подобро реконструкција, дали е подобро нов комплетен мандат на премиерот Црвенковски, дали е подобро техничка, административна или  било каква Влада. Морам да Ви признам дека сите

овие комбинации имаат и добри и лоши страни.

Нека остане премиерот, сепак нека си ја преземе одговорност; Тој е сеуште премиер и да бидеме среќни да ги разрешуваме работите во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Котевски.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе, господине премиеру, господо министри, драги пратеници,

Јас немам нешто маркетинг да кажувам како претходниот дискутант, меѓутоа, јас како пратеник од Битола бев пријавен за дискусија на седницата на која се расправаше за оштетените штедачи во штедилниците за кои се расправаше на таа седница.

Но, после дискусијата на г-динот премиер Бранко Црвенковски со својата отворена, смела и одговорна дискусија не се јавив, се откажав. Но, сега се јавувам со цел да не испадне дека некои пратеници се заинтересирани за враќаше на штедните влогови на оштетените штедачи, а некои не.

Мислам дека кога премиерот на денешнава седница побара доверба на Владата, не постои никаква дилема меѓу пратениците посебно од Битола дека мора што побрзо да се изнајде начин и форма парите да се повратат на штедачите.

Со штедењето во штедилницата "ТАТ" од Битола е опфатено скоро секое второ или трето домаќинство, богати и сиромаси, печалбар] и земјоделци, стечајни работници, технолошки вишок, пензионери и студенти. Граѓаните во Битола се познати по штедењето, а како најдобар пример може да се земат девизните штедни влогови кои на граѓаните им се заробени со распаѓањето на бивша Југославија, од кои девизни заштеди скоро една третина отпаѓа само на Битола.

По однос на одговорностите ние сега можеме да зборуваме или да обвинуваме. Премиерот јасно кажа дека секој кој е замешан и кој е одговорен, докрај ќе се расчистат и секој ќе си понесе, кривична, морална и материјална одговорност.

Со оглед на тоа што излегов на говорница, сакам јавно да . ја искажам мојата доверба и ќе гласам за доверба на Владата. Верувам во премиерот Г-динот Бранко Црвенковски, а верувам и целото македонско граѓанско, а веруваат и оштетените штедачи дека нивните штедни влогови ќе им бидат повратени.

На крајот, во името на сите пратеници од Социјал демократскиот сојуз на Македонија - Битола го подржуваме барањето на Здружението на штедачите и целосно се залагаме да се реализира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-динот Амди Бајрам има збор?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиеру, почитувани министри, почитувани дами и господа колеги пратеници,

Сојузот на ромите од Македонија полна поддршка даваат за премиерот Бранко Црвенковски, за довербата на Владата и исто, јас

како пратеник на Сојузот на ромите во Собранието ќе гласам за доверба за оваа Влада. Верувам во премиерот Бранко Црвенковски и во овие министри кои досега работеа чесно и поштено, до крај на својот манда тоа ќе си го извршат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот.

Ќе продолжиме во 23,30 часот.

Пауза во 23,30 часот.

(По паузата седница продолжи со работа во 23,50 часот). Продолжуваме со работа.

Го молам претседателот на Владата г-дин Бранко Црвенковски да земе збор.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи ја предвид тежината на точката што е предмет на денешнава расправа на седницата на Собранието на Република Македонија, ќе бидам по мое мислење невообичаено краток.

Јас немам што да додадам или што да одземам од тоа што го кажав во четвртокот навечер токму пред Вас, почитувани пратеници, пред целата македонска јавност. И вечерва, како и во четвртокот навечер сум наполно свесен за тежината на секој изговорен збор. И вечерва како во четвртокот навечер сум наполно свесен за огромната одговорност, за огромниот ризик, за огромната опасност што претстои од

најразлични страни за опструкција или блокади на остварувањето на намерите и иницијативите што ги најавив во обраќањето до Вас и до граѓаните на Република Македонија.

Би сакал да изјавам дека и вечерва како и во четвртокот с целосно подготвен да го прифатам целиот тој ризик и целата таа одговорност.

Се разбира, ќе ми биде многу полесно доколку ја имам и поддршката на највисокиот законодавен дом на оваа држава, Парламентот на Република Македонија зад мене.

Во изминативе 7 или 8 денови се искажани многу зборови. Имаше многу говори, многу дискусии, многу обраќања, многу изјави. По мое длабоко убедување граѓаните на Република Македонија, Вие почитувани пратеници и на крајот на краиштата и јас самиот очекуваме и претпоставуваме дека вечерва со чинот на гласање за довербата на Владата на Република Македонија завршува фазата на зборови. И дека веќе од тој чин натаму отпочнува фазата на акција, на конкретни потези и конкретни резултати.

Убеден сум дека, ако бевме, а се надевам дека бевме сите подеднакво искрени во искажувањата за време на траењето на седница на Парламентот во намерите и во желбите да се справиме со тоа зло што се вика криминал во оваа држава, ќе успееме, а тоа е она што по мое мислење и ние како Влада и Вие како пратеници е најдоброто не што можеме да го направиме за Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме деловничка обврска точно по изминувањето на определеното време да гласаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имаме деловничка обврска точно по изминувањето на одредено време да гласаме за доверба.

Во салата има 84 пратеника.

Сакав за законите со двотретинско мнозинство, меѓутоа, не забележавте дека сакам на спиење да ве фатам. (општа смеа).

Бидејќи навистина, е ретка прилика кога се собираме во волкав број. Сега се присутни 84 пратеници, не паметам задните седници кога сме имале толку голем број.

(Точно во 24,00 се пристапи кон гласање)

Молам, преминуваме на гласање.

Кој е за тоа да се изгласа доверба на Владата, молам да крене рака?

84 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (еден пратеник).

Констатирам дека Собранието б изгласа доверба на Владата на Република Македонија.

На Владата и посакувам победа во борбата со криминалот од секаков вид.

(Бурен аплауз)

Пратениците Мерсел Биљали, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Газменд Ајдарага и Сејфедин Харуни поднесоа предлог на заклучок кој ви е поделен.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

Го повлекувате.

Благодарам.

XVIII/2.-

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам....

Господин Алил Џафероски, процедурална интервенција.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Со оглед на бројот на пратеници кои го имаме вечерва во салава, предлагам по завршувањето на оваа седница да се вратиме . на седницата на која требаше да ги изгласаме Законот за кривична и прекршочна постапка и мислам дека малку потешко се собираме во ваков број, таа работа е добро вечерва да ја завршиме, доколку пратениците се согласат на вакво нешто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате? (Гласови на одобрување)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

За овој предлог на г-динот Џафероски барам и ваша согласност, ве молам.

Немате ништо против? (Не)

(Седницата заврши во 24,05 часот)